Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Универзитет,,Св.Кирил и Методиј"во Скопје,Стоматолошки факултет -Скопје |
| Седиште | ул.,,Мајка Тереза " бр.43 Скопје |
| Контакт информации | 02 3115-647 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф.д-р Ќиро Ивановски |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | учебна 2023/2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 02-249/2 од 28.9.2022 год |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум　　　　　　МП　　　　　　овластено лице на установата (потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје,<br>Стоматолошки факултет - Скопје |
| Седиште | Ул.,,Мајка Тереза” бр. 43, Скопје |
| Веб страница | https://stomfak.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисија<br><br>Со иновативност, квалитет во наставата и научно-истражувачката работа, како и воведување на современи пристапи во третманот на оралните заболувања, да едуцира висококвалитетни, способни и креативни доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози, но и научници, едукатори и лидери во професијата, преку најсовремените методи на предавање, учење и истражување, со цел истите, по дипломирањето да се подготвени практично да ги применуваат своите знаења и вештини и да можат да одговорат на зголемените барања на националните и интернационалните пазари за трудот.<br><br>Подготовка на студентите за постојано професионално усовршување, преку вториот и третиот циклус на студии, здравствените специјализации, како и сите облици на континуирано образование.<br><br>Создавање на мотивирачка и инспиративна средина за студентите, со промоција на научните и хуманите аспекти на стоматолошката практика, учество во истражувања во национални и меѓународни научно-истражувачки проекти, кои ќе ја унапредат науката, ќе бидат применети во наставниот процес и ќе го зголемат и осовременат нивото на здравствена грижа на населението.<br><br>Воспоставување на партнерства и мрежи на локално, национално и меѓународно ниво за да се преточат научните знаења во секојдневната практика.<br><br>Унапредување и создавање на висококвалитетен наставен кадар, кој ги следи насоките на европскиот образовен простор.<br><br>Визија<br><br>Врз основа на сериозен наставно-научен пристап во реализацијата на наставата и науката, Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје да стане водечка високообразовна установа за профилирање на кадри од областа на стоматологијата, препознатлив и атрактивен за студнтите во земјата и пошироко, каде студентите, наставниците и соработниците ги остваруваат професионалните задачи, унапредувајќи го знаењето и почитувајќи ги академските стандардни вредности - интегритетот, тимската соработка, слободата на мислење и говор, одговорноста, солидарноста, толерантноста, објективноста и стремежот кон врвни резултати, но и способноста за самостојно решавање на задачите.<br><br>Вложување напор за ангажирање на пошироката општествена заедница за вработување на најдобрите студенти на Стоматолошкиот факултет со цел да се обезбеди подмладок кој ќе ја продолжи долгогодишната традиција на стоматолошка едукација.<br><br>Оптимален, континуиран развој на ресурсите на факултетот и вклучување на современите дострели на новите образовни технологии и интернационални стандарди на образование на кадри кои ќе се вклопат на глобално ниво и ќе овозможат мобилност на студентите и наставно |

| | |
|---|---|
| | научниот и соработнички кадар на факултетот.<br><br>Насочување на научните истражувања од областа на стоматологијата, водејќи сметка за нераскинливата потреба од интердисциплинарен приод со базичните медицински и социјални аспекти, образованието и имплементирањето на резултатите во унапредување на грижата за здравјето на популацијата. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:* Бр. Сл – 12, 5.7.2005 година<br><br>**Студиски програми на прв циклус на студии**<br>1. Интегриранни академски студии од прв и втор циклус по дентална медицина / 12 семестри:<br>- реш.за акредитација бр.1409-398 / 7 од 7.12.2020 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.08-305 / 4 од 9.02.2021 год.<br>2. Интегриранни академски студии од прв и втор циклус по дентална медицина на англиски јазик / 12 семестри:<br>- реш.за акредитација бр.1409-398 / 7 од 7.12.2020 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.08-305 / 4 од 9.02.2021 год.<br>3. Стручни стоматолошки сестри- орални хигиенолози / 6 семестри:<br>- реш.за акредитација бр.1409-399 / 7 од 11.12.2020 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.08-303 /4 од 9.02.2021 год.<br>4. Стручни забни техничари / 6 семестри :<br>- реш.за акредитација бр.1409-379 / 7 од 2.2.2021 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.08- 486 / 4 од 15.2.2021 год.<br>**Студиски програми на втор циклус на студии**<br>1. Академски магистерски студии по стоматлошки науки / 3 семестри<br>- реш.за акредитација бр.08-181 / 4 од 11.12.2020 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.08- 304 / 4 од 9.2.2021 год<br>2. Стручни студии по дентална медицина / 2 семестри<br>- реш.за акредитација бр. 1409,- 241 / 2 од 11.9.2019 год.<br>- реш.за почеток со работа Уп1 бр.14-1017 од 3 .7.2019 год<br>3. Стручни студии – забни техничари / 2 семестри<br>- реш.за акредитација бр. 1409 - 172 / 3 од 15.4. 2019 год.<br>- реш.за почеток со работа Уп1 бр.14-1017 од 3 .7.2019 год<br><br>**Студиски програми на трет циклус на студии**<br>1. Докторски студии по стоматолошки науки.<br>- реш.за акредитација бр.18- 19 / 6 од 18.8. 2021 год.<br>- реш.за почеток со работа бр.40 - 1130 / 1 од 18.08.2021 год. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 77 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Прв циклус - 600<br>Втор циклус - 31<br>Трет циклус - 65 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје е најстара високообразовна установа од областа на стоматологијата во нашата држава.<br><br>Првите почетоци на високообразовниот процес од областа на стоматологијата започнале во 1948/49 година, кога е основана Клиниката за усни, забни и вилични болести.<br><br>Во 1959 година е формиран Стоматолошки оддел при Медицинскиот факултет во Скопје. Првата генерација на студенти (вкупно 37) на |

| | |
|---|---|
| | Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет во Скопје била запишана во учебната 1959/60 година, со свој наставен план и програма, во траење од 4 год. Стоматолошкиот оддел во тој момент имал 2 професора, 1 доцент и 3 соработници, а во едукацијата на студентите учествувал кадар и од Медицинскиот, Природно-математичкиот факултет во Скопје, но и од Стоматолошките факултети на поранешната СФРЈ. Најголемиот дел на наставата (околу 76.9% од сите наставни предмети) се одвивала на Природно-математичкиот факултет и Институтите и Клиниките на Медицинскиот факултет.<br>Во 1965 година доаѓа до финансиско осамостојување на стоматолошките наставни единици, кои се интегрирале во Стоматолошка Клиника на Медицинскиот факултет.<br>Во 1974/75 год. со изградба на новите два објекти се зголемиле просторните можности и услови за работа, со што се создала солидна база за изведување на теоретската и практичната настава. Двата објекти - зградата на стоматолошките клиники и зградата за максилофацијална хирургија, располагаат со околу 11.340 м2 работна површина, а во кои биле сместени студентските и рутинските ординации со 110 работни места, амфитеатар, лаборатории, простор планиран за библиотека, операциона сала и стационар со околу 30 кревети.<br>Во 1977 / 1978 година Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет прераснува во самостоен Стоматолошки факултет, а со тоа добил и поголема можност за натамошен развој и перспектива.<br>Во 1980 година формирани биле 8 клиники за основните стручни стоматошки предмети на Факултетот, кои преставуваат основно стручно-научно јадро каде се врши обучување на кадрите на сите студиски програми.<br>Денес својата дејност Факултетот ја врши во наставните бази на претклиниките и клиниките во состав на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар,,Св. Пантелејмон”- Скопје и ЈЗУУниверзитетската клиника за максилофацијална хирургија, каде се реализираат високо– образовната, научноистражувачката и применувачката, високо-стручна здравствена дејност како функционална целина. Факултетот дел од дејноста ја врши преку обезбедување на настава од наставници на Медицинскиот и Природно-математичкиотфакултет во нивните наставни бази.<br>Во 2002 и 2003 год. доградени се нови простории со 650 м2 корисна површина, каде денес е сместена Стручната и административна служба на Факултетот, односно деканатот на Факултетот кој се во сопственост на Факултетот/ Универзитетот сметано од 2016 година.<br>Од академската 2003/2004 во наставно- образовниот процес се применува Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Стоматолошкиот факултет во Скопје е меѓу првите факултети во рамките на Универзитетот кој што започна со процесот на прилагодување на своите студиски програми кон принципите на Европскиот кредит трансвер систем (ЕКТС).<br>Стоматолошкиот факултет врши високообразовна дејност, од прв, втор и трет циклус на студии, организира здравствени специјализации, научноистражувачка дејност од областа на стоматолошки науки и со неа поврзаните фундаментални области согласно со Меѓународната стандардна класификација на образованието- Фраскатиева класификација како и од други подрачја и полиња кои се во врска со основната дејност на Факултетот.<br>Внатрешната организација на Факултетот денес ја сочинуваат:<br>- основни внатрешни организациони единици,<br>- центри,<br>- стручна и административна служба,<br>- библиотека и<br>- наставни бази.<br>На Факултетот денес како основни внатрешни организациони единици преку кои се обезбедува неговата наставна, научноистражувачка и применувачка дејност формирани се и функционираат 8 катедри и тоа:<br>- Катедра за болести на забите и ендодонтот<br>- Катедра за болести на устата и пародонтот<br>- Катедра за детска и превентивна стоматологија |

| | |
|---|---|
| | - Катедра за максилофацијална хирургија<br>- Катедра за орална хирургија<br>- Катедра за ортодонција<br>- Катедра за стоматолошка протетика<br>- Катедра за импантологија.<br>Во целиот период на развојот на Факултетот, креирани и имплементирани се голем број на вредности, принципи на дејствување и стандарди за успешна работа во сите дејности кои ги врши Факултетот, а во функција на општествениот развој и афирмирање на Факултетот и Универзитетот во земјава и надвор од неа. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | 1. Компетентен и стручен наставен и соработнички кадар,<br>2. Стручен административен и помошно-технички кадар,<br>3. Технички ресурси - реновирани простории, опремени со најсовремена опрема согласно европските и светски стандарди за реализација на студиските програми :<br><br>- Реновирани сали за клинички вежби на клиниките за орална хирургија, дентална патологија и ортодонција, опремени со нови стоматолошки столици, компјутери и монитори.<br>- Целосно реновирани два амфитеатри и две училници за теоретска настава;<br>- Опремен Центарот за научно-истражувачка работа - пет најсовремено опремени лаборатории за практична настава<br>- Целосно опремен компјутерски центар за проверка на знаењата на студентите<br>- Реновирани кабинети за наставен кадар, опремени со комплентна информатичка опрема<br><br>3.Студиски програми усогласени со стандардите за стоматолошка едукација поставени со директивите на Европскиот парламент и Советот на Европа, препораките на ADEE како и националната правна рамка со која се регулира вработувањето на нов и млад кадар.<br>4.Членство на Факултетот во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа –ADEE ( единствен факултет од РМ, член на оваа асоцијација)<br><br>5. Максимална реализација на планираните и одобрени финансиски средства за континуирано инвестициско вложување и тековно одржување на просториите и опремата на Стоматолошкиот факултет за потребите за реализирање на сите студиски програми и целокупната дејност на Факултетот. Реализацијата на финансиските планови во последните три години е од 95 – 99,5 %. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Најголем напредок е постигнат во:<br><br>- Техничките ресурси, односно осовременување на опремата и опремување на просторот за реализација на студиските програми,<br><br>- Во учебната 2023/2024 година се обезбедени вработувања за соработнички кадар, односно вработени се шест асистенти како подмалдок, после долгогодишен вакум на вработување на соработници, (заради што Факултетот се соочуваше со вистински потешкотии во реализацијата на практичната настава;<br><br>- Зголемен број на пациенти за клинички вежби преку активностите за стоматолошка заштита на лица под социјален ризик (за првпат од своето постоење, дојде до склучување Меморандум за соработка со Црвениот крст на Град Скопје кој меѓу другото имаше за цел унапредување на оралното здравје кај социално-ранливите категории на граѓани преку превземање на куративни и превентивни мерки од страна на студентите за време на практичната настава, а под надзор на наставниот кадар и |

| | |
|---|---|
| | обезбедување пациенти за квалитетна реализација на практицната настава),со што беше решен проблемот на недостаток на пациенти за реализацијата на практичната настава со кој Факултетот се соочуваше годиини наназад;<br>- Голем фонд предвидени часови за клиничка практична настава;<br>- Перманентна проверка на знаењата преку колоквиуми и следење на нивниот напредок;<br>- Соодветна оптовареност по семестри и години и содветна распределба на теоретската и практична настава.<br>- Координатори на студентите од секоја студиска година за разрешување на проблемите во текот на наставата;<br>- Поврзаност на студентите со наставниците на платформата Microsoft Teams за online консултации, семинари, поставување матерјали, објавување на резултати од проверката на знаењата и соопштенија до студентите за сите стоматолошки предмети;<br>- Летни школи за студентите;<br>- Бесплатно учество на студентите на настани од континуирана едукација во организација на Македонското стоматолошко друштво (МСД ) и здруженијата во негов состав;<br>- Учество на студентите во редовни работилници и кампањи за подобрување на оралнотпо здравје;<br>- Учество во едукативни работилници на сите кампуси во рамки на УКИМ;<br>- Пристап до електронската база на научни и стручни трудови и книги HINARI;<br>- Вклучување во научно истражувачка работа во опремени современи лаборатории; |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици:<br>Постигнување на највисоките нивоа на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно високо стручната здравствена дејност во областа на стоматологијата во нашата држава.Задржување на приматот на најдобар стоматолошки факултет во државата.<br><br>Недостатоци:<br>- Недостаток на млад соработнички кадар,<br>- Непополнети упразнети места во стручната и административна служба,<br>- Недоволно искористување на меѓународни фондови,<br>- Недоволно пријавени и реализирани научноистражувачки проекти со меѓународно учество . |
| | |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, | |

високообразовната, научноистражувачката, применувачката, односно високо-стручната здравствена дејност ја организира и ја остварува како функционална целина и единствен процес, согласно со Законот за високото образование, Законот за здравствена заштита, Законот за научно-истражувачката дејност, како и согласно актите на Универзитетот и Факултетот.

**Прилози**

Прилог 1.1. Закон за високо образование ( Сл.весник на Р.М.бр.82/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.178/ 2021)

Прилог 1.1.А Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација( Сл:весник на РСМ бр.153/2022)

Прилог 1.1.Б Статут на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/ 2019) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf

Прилог 1.1.В. Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.674.24) линк

Прилог 1.1.Г. Стратегија за обезбедување на квалитет на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје ( 2024 - 2029) https://ukim-test.feit.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/strategija-za-kvalitet-2024.pdf

Прилог 1.1.Д. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.674.24) https://www.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/upatstvo-za-sistem-za-kvalitet-na-ukim.pdf

Прилог 1.1.Ѓ Деловник за работа на советот за квалитет на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа*

Установата еднаш годишно спроведува евалуација во кои се опфатени студентите, наставниот кадар, стручноадминистративниот кадар. Евалуацијата за наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно на сите три циклуси на студии за секоја учебна година по правило на крајот од семестарот, во декември (за предметите од зимскиот семестар) и мај (за предметите од летниот семестар). Прашалникот за евалуација опфаќа 15 прашања.

Во насока на посеопфатно следење на квалитетот, сметано од оваа учебна година е воведена и анкета за студентите за општите услови за студирање. Прашалникот за евалуацијата опфќа 14 прашања.

Сметано од оваа учебна година воведена е и анкета за перцепцијата на наставниот кадар и на стручно-административниот кадар за квалитетот на условите за работа. Прашалниците за овие анкети опфаќаат 15, односно 11 прашања, кои по правило се спроведуваат еднаш годишно, во секоја учебна година.

Сите четири анкети се спроведуваат во електронска форма, на стандардизиран образец изготвен од Советот за квалитет на Универзитетот.

ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНКЕТИТЕ

Во однос на анализираните анкетни прашалници во врска со општи услови за студирање и перцепцијата за кавлитетот на наставата, студентите ги оцениле со општа оценка 4,10.

Во однос на перцепцијата на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа општата оценка е 4,25.

Стручно – административнот кадар квалитетот на општите услови за работа ги вреднува со општа оценка 4,50.

Перцепцијата на студентите за квалитетот на наставата за секој наставник поединечно , најголем број од студентите се согласуваат дека наставата е квалитетна. Општите оценки се движат од 4,02 до 4,98 (од максимална оцена 5).

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на УКИМ ,( Универзитетски гласник бр. 674/24) предвидено е задолжително донесување на Годишен акциски план со конкретни мерки за отстарнување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста заради обезбедување на квалитет за секоја учебна година од страна на посебно формирано тело Совет за квалитет. На Факултетот е формирано ова тело ( Одлука бр.02-1054/1 од 3.4.2024 г) кое во иднина ќе се грижи за отстарнување на соглеаните слабости врз основа на Извештаите за самоевалуација од страна на Комисијата за самоевалуација.

До сега согласно претходните прописи за евалуација , Факултетот во насока на обезбедување на квалитетот се водеше од заклучоците, односно констатираните слаби страни од Комисијата за самоевалуација за периодот кој бил евалуиран (три учебни години).

| | |
|---|---|
| **Прилози**<br>**Прилог 1.2. А**. Прашалник од евалуација<br>https://drive.google.com/file/d/11FYXlLsOSAkZsVP8bwVGCFo_JuBAsx5L/view?usp=drive_link | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

На Факултетот постои координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот на реализација на студиските програми во насока на обезбедување квалитет.

Со цел за превенирање и брзо и ефикасно надминување на тековните проблеми кои се јавуваат во тек на теоретската и практична настава на првиот циклус студии на сите студиски програми( ДДМ, СЗТ и ССС-ОХ), на Стоматолошкиот факултет, функционира **системот на координација на ЕКТС**.

Тој е конципиран такашто на студиската програма од првиот циклус на студии за доктори по дентална медицина, во секоја студиска година се назначени професор координатор и студент координатор. На студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, професори координатори се раководителите на овие програми.

На почетокот на секој семестар се одржува координативен состанок на сите координатори професори и студенти со одговорниот координатор за ЕКТС на Стоматолошкиот факултет. На истиот се договара динамиката на извршување на активностите,почнувајки од изготвување на документи за веб страната на факултетот со информации за раководители на катедрите и одговорните наставници на одделните предмети за тековниот семестар на Стоматолошкиот факултет и неговите бази, како и термините за консултации со наставно научниот кадар.

Се практикува постојана комуникација со координаторот на ЕКТС и продеканот за настава на неделно ниво, по потреба и итно, со назначените координатори на секоја студиска година, сè со цел да се овозможи навремена , квалитетна теоретска и практична настава,

Задолженијата на студентите координтори се:

- во случај на потреба да бидат во контакт со студентскиот правобранител при Факултетот,
- на барање на Факултетското студентско собрание да соработува/ат и учествува/ат во координирање на одредени активности при организирање на студентски случувања(конгреси, хуманитарни активности, промотивни активности и сл.),
- да ги пренесат сите, проблеми, барања, да ги разрешат сите дилеми во однос на начинот на совладување на предметната програма и освојувањето на кредитите од предметите кои ги слушаат, на студентите од студиската програма и година на студии со посредство на професорот координатор одговорен за таа година од студиската програма,
- Да имаат податоци за одговорни наставници на предметите во актуелниот семестар, раководители на катедри,кординатор професор за студиската година, координатор на ЕКТС,продекан за настава , дистрибуирани и достапни за студентите;
- Во случај на ненавремено одржување на теоретска и практичната настава, отсуство на наставно научниот кадар во терминот за настава и било каков проблем од организациска или техничка природа студентот координатор го контактира :

• одговорниот наставник на предметот / асистентот кој ја води вежбата со кој се решава проблемот,

• раководителот на катедра доколку е отсутен одговорниот наставник,

• во отсуство на раководителот на катедрата (поради било која причина-присуство на настава , состанок....) го контактира кординаторот професор за студиската година,

• доколку професорот координатор е недостапен поради било која причина или проблемот не се надмине го контактира координаторот на ЕКТС кој самостојно или во соработка со продеканот за настава ќе го разрешат проблемот.

- Студентот координатор е во постојана комуникација со професорот координатор на студиската година, по потреба, при проблеми во наставниот процес и редовно на крајот од неделата за потврда дека наставата се одвива непречено( во договор со професорот координатор: телефонска, електронска комуникација...).
- Во тек на колоквиумските недели/испитните сесии е должен на барање на студентите навремено да го достави писменото барање за промена на термин до одговорниот наставник, раководител на катедрата/координаторот професор, најмалку 7 дена пред предвидениот термин за полагање на колоквиумот/испитот. Валидно е она барање зад кое стојат над 60-70% од студентите кои го слушаат предметот.

- Доколку не се објавени резултатите од полагањето на колоквиум/ипитот во предвидениот рок според актите на Факултетот или не се објавени термини за впишување на оценките во пријава и индекс, студентот координатор ќе го информира одговорниот професор за барањето од студентите за оваа информација. Во случај да не биде исполнето барањето ќе се обрати следствено до раководителот на катедрата, професорот координатор. Ако поради различни причини(пр. отсуство на наставниците) ова не се надмине координаторот на ЕКТС во соработка со продеканот за настава се вклучуваат во надминување на проблемот.

Досегашната пракса покажа добри резултати и дека информациите во врска со тековната реализацијата на наставата и евентуалните проблеми до кои се доаѓа, се решаваат брзо и веднаш благодарение токму на информациите кои се добиваат од студентите координатори. Системот на координација дава одлични резултати во насока на обезбедување на квалитет во реалиација на наставно-образовниот процес на Факултетот.

За успешно кооординирање на спроведувањето на наставата на вториот циклус студии се грижи раководителот на Наставнонаучниот колегиум во координација со продеканот за наука и одговорните професори за соодветниот предемт. Исто така за квалитетот на реализацијата на наставата на третиот циклус во постојана координација се продеканот за наука и раководителот на Советот на студиската програма за трет циклус докториските студии.

**Прилози**

**Прилог 1.3.** Список на координатори https://stomfak.ukim.edu.mk/24800-2/

**Прилог 1.3.А.** Задолженија на наставници координатори https://drive.google.com/file/d/11uKPXVRkDbdiSIn6RPvsKC7radI5No-_/view

**Прилог 1.3.Б**. Задолженија на студенти координатори https://drive.google.com/file/d/1KWxv6Yfl0WnHEmpTLITmxm2CbM-l8zO9/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во насока на имплементација на политиката за квалитет на Факултеот, функционира Комисијата за самевалуација составена од 7 члена, од кои 5 од редот на наставниците и 2 члена претставници на студентите. Мандатот на членовите од редот на наставниот кадар е во траење од 4 години, а на студентите во времетраење од 1 година од денот на изборот.

Факултетот редовно врши анализа на квалитетот на студиските програми и академскиот кадар и воопшто целокупното работење, спроведувајќи внатрешна самоевалуација на секои 3 години. Последниот Извештај за самоевалуација го опфати периодот од три учебни години и тоа: 2019/2020; 2020/2021 и 2021/2022 година. Последната самоевалуација ја спроведе Комисијата за евалуација во истиот состав од редот на наставниците што ја спроеведува и оваа самоевалуација за 2023/2024 година, со тоа што во претходната комисија поради траењето на мандатот на членовите од редот на студентите (од 1 година).

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на Факултетот сметано од 3.04.2024 година се формираше и започна да функционира Советот за квалитет на Стоматолошкиот факултет, како посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квлитет, составен од пет члена, од кои три наставници, еден студент и еден претставник од стопанството. Советот за квалитет во рамките на својата надлежност со цел имплементирање на политиката за квалитет, меѓу другото ги разгледува и анализира резултатите од Извештајот на Комисијата за самоевалуација во насока на изготвување на Годишен акциски план за отстранување на констатираните слабости и предлага конкретни мерки за отстарнување на истите кој го доставува на усвојување до ННС.

**Прилози**

**Прилог 1.4.** Одлука за формирање *Советот за квалитет на Стоматолошкиот факултет,(*
*https://drive.google.com/file/d/1CDg4Wh2sWpt6e31wqT_2pPj0NAM9JxS6/view?usp=drive_link*

**Прилог 1.4.А.** Записници од работата на Советот за квалитет
*(https://drive.google.com/file/d/1QMFliVvOevr8DpySMUswG2TmOjfaNmzR/view?usp=drive_link*

**Прилог 1.4.Б.** Извештај за самоевалуација за период од 2019/2022
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%ba%d0%b2%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d1%82%d0%b5%d1%82-%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d1%82%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0/

***Прилог 1.4.В -*** Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје
https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/pravilnik-za-kvalitet-i-upatstvo.pdf

<table>
<tr><td>1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.</td><td>Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Стоматолошкиот факултет согласно позитивните законски прописи и актите на Универзитетот и Факултетот, редовно врши анализа на квалитетот на студиските програми и академскиот кадар и воопшто целокупното работење, спроведувајќи внатрешна самоевалуација на секои 3 години. Последниот Извештај за самоевалуација го опфати периодот од три учебни години и тоа : 2019/2020; 2020/2021 и 2021/2022 година. Беа констатирани следните заклучоците:<br>- Добри страни: следење на новите европски регулативи и стандарди и нивно имплементирање во содржините на студиските програми; учебници и учебни помагала за поголемиот број предмети напишани од кадарот на факултетот, како и преводи на странска литература; соодветна оптовареност по семестри и години и содветна распределба на теоретскатаи практична настава.<br>-Слаби страни: мал број на пациенти за студентски вежби поради нерегулиран начин на плаќање за стоматолошките услуги, ( превземени мерки: склучени меморандуми за соработка и кампањи за обезбедување на пациенти); застареност на дел од опремата за практичната настава ( превземени мерки- спроведено опремување со современа опрема); неодредени односи помеѓу Факултетот и наставните бази во однос на опремата и нејзино одржување што се рефлектира врз квалитетот на практичната настава ( превземени мерки- склучени спогодби).<br><br>Управата на Факултетот е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието и превзема мерки за унапредување на студиските програми. Врз основа на резултатите и статистичките податоци од самоевалуацијата 2016/2017 до 2018/2019, во изминатиов период извршено е ревидирање на студиските програми во насока на зголемување на фондот на практична настава и усогласување со европските стандарди за регулирани професии, а превземени се значителни мерки за осовременување на целокупната стоматолошка и лабораториска опрема и реновирање на претклиничките сали и лаборатории.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прлог 1.5. Извештај за самоевалуација за периодод 2019/2020; 2020/2021 и 2021/2022 година<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%ba%d0%b2%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d1%82%d0%b5%d1%82-%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d1%82%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0/<br>Прилог 1.5.А. Реакредитирани студиски програми<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b4%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc%d0%b8/<br>https://drive.google.com/file/d/1Ob4R7OI6G-z7dBA0KMbOocW4yZ5aQic6/view?usp=drive_link<br>Прилог 1.5.Б. Листа со набавена стоматолошка и лабораториска опрема<br>https://drive.google.com/file/d/1Hdxam4YS5RQw-6KtgZDCyyLbcdnTZrPn/view?usp=drive_link<br>Прилог 1.5.В. Листа на реновирани просторни ресурси<br>(https://drive.google.com/file/d/1_NW7BNquqcXILr5UFId9wiGFIFujYsWh/view?usp=drive_link</td></tr>
<tr><td>1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]</td><td>Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.</td></tr>
</table>

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата. |
| **Прилози** |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Покрај законските прописи и акти на Универзитетот со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми, со цел обезбедување на квалитет на студиските програми кои се изведуваат на Стоамтолошкиот факултет во Скопје, Деканската управа на  Факултетот на седницата одржана на 30.09.2019 година донесе посебен акт – Процедура за квалитет на студиските програми , наменета за сите студиски програми од прв, втор и трет циклус студии. | |
| **Прилози**<br>**Прилог 2.1.** Процедура за квалитет на студиските програми https://drive.google.com/file/d/18opAbefCVTfi6o9tTqaDFY-EKLX6Lpah/view?usp=drive_link | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат пренесливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| **Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми:**<br>Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентите  и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, кои ќе бидат пренесливи, ќе влијаат врз нивниот личен развој и развојот на нивните идни професии.<br>**Студиска програма од I циклус интегрирани студии за ДДМ:**<br>Целта на оваа студиска програма е едукација на компетентен професионалец, доктор по дентална медицина, способен да ги следи и примени современите достигнувања во струката и науката, да ги воочува научните проблеми, критички да размислува и да ги анализира добиените резултати, да се изгради во одговорна личност со усвоен систем на вредности кои гарантираат успешна и високо професионална работа. Оваа студиска програма придонесува да се оспособи кадар кој доминантно ќе се занимава со спроведување на превентивни и теаписки постапки, со примена на најсовремени биотехнолошки средства во стоматологијата и ќе го најде своето место во приватните стоматолошки ординаци и јавни установи. Дел од докторите по дентална медицина стекнатите знаења и вештини ќе имат можност да ги пласират и надвор од границите на нашата држава.<br>Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на шестгодишните студии е VIIA (300/360 ЕКТС) и целосно исполнување на дескрипторите за квалификации.<br>**Студиска програма од I циклус  за СЗТ:**<br>Целта на оваа студиска програма е едукација на компетентен професионалец, дипломиран стручен забен техничар, способен да ги следи и примени современите достигнувања во струката и науката, да се изгради во одговорна личност со усвоен систем на вредности кои гарантираат успешна и високо професионална работа. Со завршување на студиите, ќе се оформат | |

во здравствени работници со стручност за самостојна креација во сложените заботехнички постапки во стоматолошките заботехнички лаборатории.

**Студиска програма од I циклус за ССС-ОХ:**

Целта на оваа студиска програма е едукација на компетентен професионалец, дипломирана стручна стоматолошка сестра - орален хигиенолог, способен да ги следи и примени современите достигнувања во струката и науката, критички да размислува и да ги анализира добиените резулатати, да се изгради во одговорна личност со усвоен систем на вредности кои гарантираат успешна и високопрофесионална работа. Студиска програма е наменета за едукација на високо стручен оспособен здравствен работник кој може успешно, самостојно и креативно да изведува забно-технички постапки во стоматолошката амбуланта, според меѓународни стандарди или да учествува во примарната стоматолошка здравствена заштита како дел од стоматолошкиот тим.

**Студиска програма од II циклус академски - магистерски студии**:

Целта на оваа студиска програма е едукација на компетентен професионалец и се остварува преку флексибилен систем на студии и истражувачки активности усогласен со современите текови на стручен, научен и технолошки развој. Крајниот ефект од образованието мерен со квалитетот на стручните и научните способности, во потполност би одговарал на националните потреби и потребите на пазарот. Завршувањето на студиите е база и за евентуално понатамошно долгорочно и ефикасно образование и професионално усовршување.

**Студиска програма од II циклус стручни едногодишни студии по дентална медицина:**

Целта на оваа студиска програма е едукација на компетентен професионалец со теоретски и практични знаења усогласени со современиот стручен, научен и технолошки развој, кој во потполност би одговарал на националните потреби и потребите на пазарот.

**Студиска програма од II циклус стручни едноговдишни студии за забни техничари:**

Главната цел која ја го оправдува воведувањето на вториот циклус на стручни студии за забни техничари е можноста за краток временски период, во современо опремените лаборатории на универзитетскиот стоматолошки клинички центар практично да се усовршат за изработка на најсовремените забнопротетички изработки.

**Студиска програма од III циклус докторски студии по Стоматолошки науки:**

Докторските студии се интердисциплинарни и спојуваат содржини од повеќе области на стоматологијата и здравството.Тие овозможуваат продолжување и усовршување во научно-истражувачката работа од сите области на стоматологијата и пошироко во биомедицината и здравството во земјата, како и учество во истражувачки проекти во меѓународните центри и иститути, и им овозможуваат самостојно да организираат и водат научно истражување.

Научниот степен Доктор на стоматолошки науки создава можност за вработувања во јавниот сектор, во научните и образовните институции, во истражувачки установи и центри во нашата земја и пошироко. Истовремено, се овозможува и обновување на кадровскиот наставен потенцијал на факултетот, но е и извор на стручњаци од областа на стоматологијата.

**Прилози**

**Прилог 2.2.** Студиска програма од I циклус интегрирани студии ДДМ и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%be-3/

**Прилог 2.2.А** Студиска програма од I циклус СЗТ и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%be/

**Прилог 2.2.Б** Студиска програма од I циклус ССС-ОХ и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%be-5/

**Прилог 2.2.В** Студиска програма од II циклус ДДМ (академски - магистерски студии) и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%be-7/

**Прилог 2.2.Г** Студиска програма од II циклус ДДМ (стручни студии по дентална медицина) и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D1%82%D0%BE%D1%80-%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8-%D0%BF%D0%BE/

**Прилог 2.2.Д** Студиска програма од II циклус СЗТ (стручни студии за забни техничари) и предметни програми (силабуси):
https://stomfak.ukim.edu.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D1%82%D0%BE%D1%80-%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8-%D0%B7%D0%B0/

**Прилог 2.2.Ѓ** Студиска програма од III циклус ДДМ (докторски студии по Стоматолошки науки) и предметни програми (силабуси): https://stomfak.ukim.edu.mk/8685-2/

https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%95%D0%BB%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%A2%D0%A0%D0%95%D0%A2-%D0%A6%D0%98%D0%9A%D0%9B%D0%A3%D0%A1-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-20.05.2021-1.pdf

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје е најстарата високообразовна установа во Македонија од областа, со 65 годишно континуирано искуство, чија наставна база е целиот Универзитетски Клинички Центар каде студентите целосно се едуцираат во сите дисциплини и практично а не само теоретски, за што допринесуваат и јавните кампањи за пациенти за клинички вежби. Целосно се реновирани салите за студентски вежби со нови стоматолошки столици и соодветна опрема.

Факултетот има компетентен, квалитетен и искусен наставен кадар и секој од наставниците предава предмет/и според завршената специјализација и областа во која магистрирал и докторирал.

Наставниците и студентите, особено од втор и трет циклус, во својата научно-истражувачка работа реализираат успешна соработка со другите единици од УКИМ.

Според податоците од Стоматолошката комора на РСМ, најдобри резултати на државен испит имаат студентите од Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје.

Дел од нашите поранешни студенти работат во реномирани клинички и универзитетски центри (University of Oslo; King's College, University of London; UTHealth School of Dentistry at Houston).

Постојано креираме политики и мерки за програми кои одговараат на потребите на општеството и преку Erazmus+ мобилност на наставниот кадар (на факултетите од ЕУ со кои имаме склучени договори за соработка) што понатаму се имплементира во содржините на студиските програми.

| Оценувањето на Факултетот се спроведува согласно утврдените правила за оценување содржани во студиските програми и подзаконските акти на Универзитетот и Факултетот што ја уредуваат оваа материја.<br>Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Наставниците се задолжени да достават повратни информации од оценувањето во рок од 7 дена од спроведениата проверка на знаење. Факултетот има изработено темплејт за унифицирано објавување на резултатите од колоквиуми и писмени истити, кое се објавува на огласната табла на секоја клиника и на веб страната на факултетот, како и на студент-координаторот за соодветната студиска програма и година на студирање.<br>На секој извештај со резултати од колоквиум/испит, јасно се наведени максималниот бр.на бодови и минималниот бр.за положување (60% од максималниот) и датумот за увид во тестот, а студентите се евидентираат со број на индекс и освоени бодови.<br>Одредувањето на наставник за практичниот и усмениот дел од испитот е со влечење од страна на секој студент.<br>Наставниците се должни да им обезбедат увид во тестот и добиената оценка во рок од 2 дена од објавувањето на резултатите. Студентите кои не се задоволни од резултатите од испитот, односно оценката или сметаат дека испитот не е спроведен согласно Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирањње на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019) и Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот,,Св.Кирил и Методиј во Скопје" - Стоматолошки факултет-Скопје (Универзитетски гласник бр.557/21) можат да ги искористат правата на приговор.<br>Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.<br>Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи, односно за поедини предмети, во оценувањето на студентот учествуваат повеќе наставници кои учествувале во презентацијата на семинарите, колоквиумите, практичниот и усмениот дел од испитот. Според доделените бодови, се формира завршната оценка за предметот.<br>На почетокот на секој семестар, на веб страната на факултетот се објавува распоредот за теоретска и практична настава за сите циклуси и студиски години и календарот за прва и втора колоквиумска недела, како и термините за писмениот дел од испитите во испитните сесии. | |

| |
|---|
| Дополнително, одговорниот наставник за секој предмет од студиските програми изготвува и доставува до деканатот извештај со резултати од секоја испитна сесија.<br>Програмата IKNOW не дозволува да се внесуваат податоци кои се однесуваат на положени или неположени колоквиуми и затоа секој наставник на соодветната катедра самостојно води евиденција во врска со колоквиумите. Треба да се напомене во овој контекст дека најголем број од професорите не ги белжат негативните оценки  ( оценка 5) во iknow системот, што прдставува негативна забелешка, за што  во континуитт се укажува  од страна на раководната структура.<br>Имено поради незабележување на негативната оценка од страна на наставниците , се доведува во прашање искористувањето на правото на студентот  за комисиско полагање  на соодветниот предмет, кое право му се дава со актите на Универзитетот и Факултетот со кои се уредени правилата за студирање.<br>Од анализата на евиденцијата од спроведените студентски анкети за овој извештај, се констатира дека 80% од предметите на вториот и третиот циклус студии се оценети со највисока оцена 10 ( просечни оценки за секој предмет)<br>Продеканот за настава оствари средби со професорите кај кои има најмала проодност на испитите и со професорите кај кои има највисоки просечни оценки , на кои им беше укажано да посветат повеке внимание при оценувањето ( записник бр.????).<br>Иста таква средба беше остварена и со раководителите на студиските програми од втор и трет циклус. ( записник бр, ????)<br>СО САЊА |
| **Прилози**<br>**Прилог 3.6** Резултати од колоквиум https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/08/1.-%D0%A0%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B0%D0%B3%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B2%D0%B8%D1%83%D0%BC-%D0%B8%D1%81%D0%BF%D0%B8%D1%82.docx<br>**Прилог 3.6.А** Распоред за настава<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/%d1%80%d0%b0%d1%81%d0%bf%d0%be%d1%80%d0%b5%d0%b4-%d0%b7%d0%b0-%d0%bb%d0%b5%d1%82%d0%b5%d0%bd-%d1%81%d0%b5%d0%bc%d0%b5%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%80-%d0%b2%d0%be-%d1%83%d1%87%d0%b5%d0%b1%d0%bd%d0%b0%d1%82/<br>**Прилог 3.6.Б** Извештај со резултати од секоја испитна сесија https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/07/prijavi-od-ispitna-sesija.docx<br><br>Прилог 3.6 Записник од одржан состанок од продекан за настава<br>https://drive.google.com/file/d/1pQCMfq8K04MZULBgqn8xm_Fsjj_AnOFn/view?usp=drive_link |

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Против сите решенија со кои е одлучувано по барања на студентите на Стоматолошкиот акултет,  дозволено е право на жалба до Деканатската управа согласно подзаконските акти на Универзитето и факултетот. Деканатската управа одлучува на првата наредна седница по приемот на жалбата, односно приговорот.<br><br>За периодот кој се евалуира не се поднесени  пријави на корупција во Факултетот. Линк за пријавување на сајтот |
| **Прилози**<br>**Прилог 3.7** Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирањње на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019), (https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/74_668210497.pdf<br>**Прилог 3.7.А.** Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот,,Св.Кирил и Методиј во Скопје" - Стоматолошки факултет-Скопје (Универзитетски гласник бр.557/21) https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/11/glasnik-557.pdf |

## Стандард 4

## СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ

| И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Стоматолошкиот факултет во Скопје соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни на веб страната на Факултетот.

Факултетот доследно ги применуува Конкурсите за запишување студенти на сите три циклуси студии, кои благовремено се објавуваат на веб страната.

**Прилози**

**Прилог 4.1** Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирањње на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019), (https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/74_668210497.pdf

**Прилог 4.1.А.** Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот,,Св.Кирил и Методиј во Скопје" - Стоматолошки факултет-Скопје (Универзитетски гласник бр.557/21) https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/11/glasnik-557.pdf

**Прилог 4.1.Б**. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирањње на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 /2020) https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/75_279059274.pdf

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студентите напредуваат преку исполнување на обврските предвидени во студиските програми, полагање на испити, заверка на освоени кредити и запишување нареден семестар. Студентот може да запише нови предмети од нареден семестар во согласност со правилата за напредување утврдени во студиската програма. Во насока на јасно и квалитетно следење на напредувањето на студентите , донесени се соодветни акти кои соджат конкретни правила и информации како за стручната и административна служба така и за студентите, важни за превземање приоритетни чекори во насока на напредувањето на студентите.

Факултетот го следи напредокот на студентот преку:

- IKNoW системот ;
- preku ILEARN системот ( информации поврзани конкретно со испитните сесии, распоред за полагање, објва на резултати и сл.)
- Одговорен наставник за секој предмет кој го следи напредувањето на судентите за соодветниот предемт во текот на семестарот/ годината;
- Резултатите од компјутерското полагање на испитите во Компјутерскиот центар на Факултетот. Базата на испитни прашања се надополнува и менува најмалку на три испитни сесии.

**Прилози**

**Прилог 4.2** Интерно упатство за начинот и постапката во напрдувањето на студентот и полагањето на предметните програми https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/%D0%98%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%BE-%D1%83%D0%BF%D0%B0%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE.pdf

**Прилог 4.2.А.** Одлука за утврдување на условите и постапките за условно добивање потпис и полагање на наставен предмет https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BE%D1%82%D0%BF%D0%B8%D1%81.pdf

**Прилог 4.2.Б** Одлука за минимум обврски на студенти кои повторно запишуваат ист предмет

| | |
|---|---|
| https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D0%B2-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D0%BC%D1%83%D0%BC-%D0%BE%D0%B1%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%88%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%B8%D1%81%D1%82-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BC%D0%B5%D1%82.pdf | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултето има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи го и периодот за време на мобилноста на студентите.
На Факултетот постои посебна Комисија за признавање и еквиваленција на испити за прв циклус студии, додека признавање на испити и кредити за вториот циклус студии врши Наставно-научниот колегиум , за што се изготвува посебен извештај. Признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста, на студентите од третиот циклус студии врши Советот на студиската програма за трет циклус студии - докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, исто така по доставен извештај од посебна комисија за еквиваленција, односно од студентот и менторот.

**Прилози**
**Прилог 4.3.** Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години (https://drive.google.com/file/d/1VmvJlUuJR0eBYqt9i2F491tFgk2zSuAX/view?usp=drive_link
**Прилог 4.3.А.** Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019), https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/74_668210497.pdf
**Прилог 4.3.Б**. Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот,,Св.Кирил и Методиј во Скопје" - Стоматолошки факултет-Скопје (Универзитетски гласник бр.557/21) https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/11/glasnik-557.pdf
**Прилог 4.3.В**. Правилник за условите, критериумите иправилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 /2020), https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/75_279059274.pdf

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Согласно позитивните законски прописи што ја регулираат оваа материја, по завршувањето на студиите, студентите добиваат документација:
- Уверение за дипломирање,
- Диплома и
- Додаток на диплома која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии .

Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна и ги содржи сите потребни законски предвидени податоци и информации .

**Прилози**
**Прилог 4.4.** Диплома, уверение и додаток на диплома(https://drive.google.com/file/d/1u_aV4XDszfsTzi-m3M6pZGdYVCmUjzVK/view?usp=drive_link

## Стандард 5

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.</td><td>Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети за реализирање на студиски програми од трите циклуси на студии, како и Плановите и програмите за специјализации и супспецијализации на Факултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.1 Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат(https://drive.google.com/file/d/10-BBG3N4uHRNPWEM9blGgybAogP65hm2/view?usp=drive_link<br>Прилог 5.1.А. Одлуки за избор во звање<br>https://drive.google.com/file/d/1wABbg3Ma99SuybommNRSH6Rr_FQxKrhU/view?usp=drive_link<br>Прилог 5.1.Б. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите на сите циклуси на студии на установата(https://drive.google.com/file/d/1Lfsz6c_5AikESBNrsVcq14mpJ8qQVpXp/view?usp=drive_link</td></tr>
<tr><td>5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.</td><td>Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Наставниот кадар на факултетот во континуитет објавува трудови претежно од научното поле - Други медицински науки, односно научното потполе - Дентална медицина од сите потесни научни области:<br>- Максилофацијална хирургија; Детска и превентивна стоматологија; Ортодонција; Стоматолошка протетика; Дентална патологија, реставративна стоматологијам и ендодонција; Имплантологија; Орална медицина и пародонтологија; Форензична стоматологија; Орална хирургија; Рентген дијагностика во стоматологијата; друго.<br>Објавените трудови во референтни научните публикации во последните 5 години од страна на наставниот кадар на Факултетот, се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии на сите три циклуси, како и квалитетни специјализации и супспецијализации од области на денталната медицина за чија реализација е акредитиран Факултетот од Министерството за здравство.<br>Објавени трудови во референтни научните публикации во последните 5 години од страна на наставниот кадар на Факултетот :<br>- Во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку 1 електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет) објавени се 27 труда на наставниот кадар во последните пет години;<br>- Во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, објавени се 77 труда на наставниот кадар во последните пет</td></tr>
</table>

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

<table>
<tr><td colspan="2">години;<br>- Во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД,  објавени се 8 трудови;<br>- Во  Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји, објавени се 279 труда.<br><br>За жал објавувањето на трудови во списанието со импакт фактор не е на задоволително ниво. Имено цената на објавување во овие списанија е многу висока. Иако се предвидени средства за оваа намена од МОН истите се недоволно искористени.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.2.А. Бројот на објавени трудови во референтни научни публикации<br>(https://drive.google.com/file/d/1AYm3QqHYBpXGTtTKyequpadJ8H5V3t4-/view?usp=drive_link<br>Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот<br>(https://drive.google.com/file/d/18tCieRcDtJzcl4AKDALGbUmNGrYlwsUS/view?usp=drive_link</td></tr>
<tr><td>5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.</td><td>Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.<br><br>Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава на сите три циклуси на студии.<br>Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано, односно се води сметка за порамномерно распределување на часовите на секоја катедра поодделно, за што се одговорни раководителите на катедрите и за што се донесуваат соодветни одлуки за распоред на работи и работни задачи пред почетокот на секоја учебна година.<br>Во интерес на квалитетно реализирање на наставата, во случај на оправдано отсуство на наставник од реализирање на наставата, задолжително го менува друг наставник или се надоместува предавањето во друг термин, за што благовремено се известуваат студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.3. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо)<br>(https://drive.google.com/file/d/1e5lWCvuBV02L3toVEep8bjAEfZf1GbDF/view?usp=drive_link<br>Прилог 5.3.А. Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B1%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%87%D0%B8.pdf<br>Прилог 5.3.Б. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии<br>(https://drive.google.com/file/d/1j1qrxOVqHiqmI9s6MjJWMpib9lvGObcA/view?usp=drive_link</td></tr>
<tr><td>5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.</td><td>Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.</td></tr>
</table>

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Факултетот има јасни, транспарентни и праведни процеси на избор на лица во наставно-научни, нааучни и соработнички звања и процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените законски критериуми и критериуми утврдени со актите на Универзитетот. | |
| **Прилози**<br>**Прилог 5.4** Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.<br>(https://drive.google.com/file/d/1zscfqtwXRgmqGmLENe2nU5grnJITgymN/view?usp=drive_link<br>**Прилог 5.4.А.** Правилник за избор во наставно – научни звања https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf | |
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Факултетот во континуитет превзема активности за инвестициско вложување и тековно одржување на просториите на Стоматолошкиот факултет, за унапредување на условите за работа на наставниот и ненаставниот кадар преку обезбедување на простории, согласно можностите, набавка на ИТ опрема , информатички услуги ,пристап до релевантни електронски бази од областа, како и други ресурси релевантни за нивната работа.<br><br>- Целосно се реновираа и се опремија два амфитеатри и две училници за теоретска настава;<br>- Целосно се реновираа лабораторијата за фиксна протетика, биохемиската лабораторија и три клинички сали за практична настава, а во останатите лаборатории и сали се извршија потребните градежно-занаетчиски работи;<br>- Во континуитет согласно можностите, парцијално се врши целосно или делумно реновирање на просториите (кабинетите и канцалариите ) на наставниот и соработнички кадар ;<br>- Набавени се два сервера,<br>- Набавена е нова ИТ опрема - персонални компјутери, печатари и дополнителни ИТ уреди за наставниот кадар на Факултетот.<br>- За потребите на теоретската настава набавени се два нови проектори.<br>- Поставена е нова оптичка инфраструктура со цел подобрување на интернет поврзаноста на канцелариите на наставниот кадар и салите за претклиничка и клиничка настава.<br>- Во континуитет се набавува стоматолошка и лабораториска опрема, инструментариум и материјали за практична настава и научно-истражувачка работа<br><br>- Обезбеден е пристап до електронски бази на од областа(Hinari, EBSCO, Cambridge Core Journals)<br>Капиталните инвестиции во набавка на нова опрема ќе продолжат и во наредниот период согласно барањата на катедрите. | |
| **Прилози**<br>**Прилог 5.5**.Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар-Спогодбите со ЈЗУ; https://drive.google.com/file/d/1ctGhGmhvELvxRJ7ElYnZtuaxZ_ut6vhd/view?usp=drive_link<br>**Прилог 5.5.А.**Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>(https://drive.google.com/file/d/1RME_O_j1_04d9n2icBA4cckQv43cbN-2/view?usp=drive_link<br>**Прилог 5.5.Б.**Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање)<br>https://drive.google.com/file/d/1h7ezCZaH_CrZ_JZQM1eH1YQCtBGnYrIU/view?usp=drive_link<br>**Прилог 5.5.В.**Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата<br>https://drive.google.com/file/d/1zVVDQcmwLcQwAVEiD_BpI3M21Nx-VZbK/view?usp=drive_link<br>**Прилог 5.5.Г.**Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми<br>https://drive.google.com/file/d/1zJJfL4OTlI5WrOm5RAg7RqEZK9F5d-5-/view?usp=drive_link | |
| 5.6. Установата нуди можности за | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на |

| | |
|---|---|
| професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Наставниците и соработниците на Факултетот имаат право и должност континуирано да се усовршуваат и да инсистираат на подобрување на квалитетот и нивото на сопственото знаење и стручност во рамките на избраната област.

Стоматолошкиот факултет во Скопје ги запазува и води сметка за сите можности за професионален развој на наставниот кадар. Во насока на постојана мотивација на наставниот кадар за континуирано професионално усовршување, размена на искуства и запознавање на нови технологии, се одобруваат отсуства од работа со целосен надомест.

За извештајниот период, во учебна 2023/ 2024 година, на симпозиуми, конгреси, семинари и работилници со меѓународно учество одржани во странство, учествувале 37 наставници од Факултетот, од кои 27 учествувале на конгреси, 3 на симпозиуми, 5 на работилници и 2 на семинари.

Факултетот обезбедува обука за сите наставници при набавка на нова опрема наменета за реализација на наставата на сите три циклуси. ( конкретен пример на обуки : за работата со ендодонтски микроскоп при ендодонтска обработка на канали, како и работа со binocular loupes ( бинокуларни леќи ), работа со уред за тридимензионална оптурација на коренски канали сотечна гутаперка и уред за топла вертикална кондензација на гутаперка штифтови ).

**Прилози**

**Прилог 5.6.** Статут на Стоматолошкиот факултет во Скопје (https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82-%D0%A1%D0%A4%D0%A1-glasnik-445.pdf

**Прилог 5.6.А.** Статут на УКИМ (https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Согласно позитивните законски прописи, Факултетот ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиските програми . Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.

Во текот на учебната 2023/2024 година во наставата беа вклучени тројца визитинг професори од странски универзитети кои одржаа по 4 часа на студентите од студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии

- проф.д-р Иван Алајбег, Универзитет во Загреб, Р.Хрватска (во зимскиот семестар)
- проф.д-р Волкан Арисан, Универзитет во Истамбул, Р.Турција, (во зимскиот семестар)
- проф. д-р Никола Ангелов (Ut Health School of Dentistry, Houston, Texas, US) (во летниот семестар)

Вкупно во последните пет години на Факултетот беа вклучени уште 6 визитинг професори на студиската програма за дентална медицина од прв циклус студии :

- Дарије Планчак , летен семестар , 2022/2023, од Универзитет во Загреб, Стоматолошки факултет – Загреб Хрватска
- Драгана Габриќ, Летен семестар, учебна 2022/2023 година од Универзитет во Загреб Стоматолошки факултет – Загреб Хрватска,

- Божидар Јорданов, Зимски семестар, учебна 2021/2022 година, Стоматолошкиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија, Бугарија
- Асја Челебиќ, Летен семестар, учебна 2020/2021 година Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Загреб Хрватска
- Мирјана Ивановиќ, Летен семестар , учебна 2019/2020 година, од Стоматолошки факултет во Белград, Универзитет во Белград, Република Србија
- Никола Ангелов, Зимски семестар, учебна 2019/2020 година, од Ut Health School of Dentistry, Houston, Texas, Соединетите Американски Држави.

Имено, меѓународната соработка и партнерството на нашиот Факултет со факултетите од Европа и светот, овозможува размена и ангажирање на визитинг професори од странство во наставно-образовниот процес. Ангажирањето на визитинг наставниците од странство придонесува за збогатување на знаењето на студентите преку презентирање на меѓународните искуства на кадарот кој ќе биде ангажиран, но и размена на искуства со наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот. Исто така, Факултетот организира и работилници наменети за студентите запишани на трет циклус – докторски студии, согласно студиската програма.

**Прилози**
**Прилог 5.7** Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%b2%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b3-%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%84%d0%b5%d1%81%d0%be%d1%80%d0%b8/
https://drive.google.com/file/d/1g1yTuTh3NKK_KK_3WudwuTovXfKgeq2Y/view?usp=drive_link
**Прилог 5.7.А**. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат)
https://drive.google.com/drive/folders/1fEMs1w-AYmkQKZOHCPPs-XlUTvkfMOH9?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики?<br>НЕЗНАМ КОЈ КОНКРЕТЕН ПРИМЕР ЗА ОВА |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Научните истражувања се секојдневна работа на наставниот кадар на Факултетот со цел да се унапредува општото и оралното здравје на секоја индивидуа, како и да се воведат најсоодветни методи за лекување на оралните заболувања, како и примена на најсовремени биоматеријали во стоматологијата . Проектите се во функција не само за развојот на научната, туку и за унапредување на наставно-образовната и високостручната применувачка дејност на Факултетот.
Споделувањето на резултатите од научните истражувања е задолжително и се постигнува преку заеднички проекти, публикации и воспоставување на општоприфатени стандарди. Поради тоа, нашиот Факултет, во изминатиот период, проактивно се вклучи во унапредување на научно-истражувачката дејност на наставниот кадар, со посебен акцент на вклучување на студенти во научноистражувачките проекти. Бројот на истражувачкиот тим не може да биде помал од 5 лица и во тимот задолжително учествува еден студент од прв циклус и еден студент на втор или трет циклус студии запишани на Факултетот.
Во изминатиов период во учебна 2023/2024 година вклучени се 10 студенти во вкупно 5 научноистражувачки проекти, од кои 5 студенти на првиот циклус на студии , а останатите 5 студенти од вториот и третиот циклус студи.

Политиката на Факултетот е максимално да се ангажираат сите вработени (наставно-научен, научен и соработнички кадар) како и студентите на Факултетот, во процесот на подготовка, изготвување и реализација на проектите, кои ќе бидат во функција на унапредување на научно-истражувачката дејност на Факултетот и обезбедување на поврзаност меѓу наставата и науката.

**Прилози**
**Прилог 5.8.** Договор за јавна набавка на материјали и опрема за НИР
https://drive.google.com/file/d/1O-SIW4elXzx0Xt0IdGHCIo7iBy77g2mA/view?usp=drive_link
**Прилог 5.8.А.** Барања од катедри за потреба од опрема за НИР
https://drive.google.com/file/d/1sJE49ipfc6PkhmyQTkNAFK6yEkn_h5En/view?usp=drive_link
Прилог 5.8 Јавна презентација на резултати од спроведени проекти пред вработените и студентите на стоматолошкиот факултет:
**https://docs.google.com/document/d/1KOvEqdow4U_Z0YeSGnXGavTH_thChNV-/edit**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Стоматолошкиот факултет поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии,

како што се:

Методи за дијагностика на оралното здравје: состојба на забите (интраорални скенери за земање на дигитални отпечатоци; мобилни дигитални РТГ апарати, 3Д снимање и дијагностика), состојба на меките ткива и дијагноза на заболувања со помош на испитување на плунка (pH – метар, спектрофотометар, аналитичка вага, халитометрија - анализа на халитоза со помош на халитометар),
метод за спроведување на озон терапија со помош на апарат за озонирана вода), апарат за дејонизирање на водата, современа технологија за изведување на ендодонтски третман – обработка на коренските канални системи со помош на ендодонтски микроскоп), организирани работилници за студенти за користење на нови технологии (примена на диоден мекоткивен ласер класа 4, примена на центрифуга за II генерација тромбоцитно-збогатена плазма),
метод за лабораториско стареење на материјалите со користење на термо бања при изведување на in-vitro студии, Дигитализирање при изработка на протетички ресраврации и екстраорално скенирање на работни модели .

Како иновативна метода во практичните вежби од оваа учебна година е вклучена и работата со ендодонтски микроскоп при ендодонтска обработка на канали, како и работа со binocular loupes ( бинокуларни леќи ), работа со уред за тридимензионална оптурација на коренски канали со течна гутаперка и уред за топла вертикална кондензација на гутаперка штифтови , за што е набавена и соодветна апаратура.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а со тоа и на Факултетот се почитува Етичкиот кодекс донесен од Универзитетсакиот сенат . Целта на Етичкиот кодекс на Универзитетот е зачувување на достоинството на професијата, зачувување на достоинството, угледот и интегритетот на личноста, како и зачувување на угледот и интегритетот на Универзитетот и неговите единици, која цел се остварува со почитување на основните етички начела од странана лицата утврдени со овој Етички кодекс.

Етичкиот кодекс се применува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (во понатамошниот текст: наставен кадар) и лица вработени во стручната и административната служба и помошно- техничките лица (во понатамошниот текст: ненаставен кадар) на Универзитетот, како и за други лица што не се вработени на Универзитетот, доколку учествуваат во работата и дејноста на Универзитетот, како и на институциите со кои Универзитетот има склучени договори за меѓусебна соработка.

Во соглсност со Етичкиот кодекс, секоја форма на плагијат на дела и идеи е во спротивност на етичките начела.
Членовите на академската заедница кои учествуваат во научноистражувачка и уметничка работа мора да ја гарантираат оригиналноста на објавените научни трудови и уметнички дела, како и авторството што им се припишува, но и точноста и искреноста при презентирање и наведување информации за потеклото на идеите и наводите, користени во трудот.
Од членовите на универзитетската заедница се очекува да ги наведат како автори сите и само оние учесници во процесот на создавање на научниот труд кои интелектуално придонеле за него.
Неопходно е да се заштити правото на интелектуална сопственост над резултатите од истражувањето и собраните податоци на сите членови на универзитетската заедница.
При избор или повторен избор за наставно – научни, наставно – стручни, наставни, научни и соработнички звања, кандидатите треба да достават изјава за оригиналност со која ќе потврдат дека секој нивни труд и достигнување на кои се повикуваат се оригинални резултати од нивната работа и дека тој труд не содржи други извори, освен наведените во трудот.
Факултетот ќе настојува да пристапи кон изготвување на ваков акто со кој ке бидат превземени, оддносно предложени конкретни мерки за заштита на авторските права на нашиот наставен кадар во согласнст со постоечките закони прописи.
На факултетот задолжително се спроведува проверка на плагијаризам на изготвените дипломски работи, магистерски, стручни и докторски трудови согласно студиските програми и законските прописи кои ја регулираат оваа материја во обласста на високото образование.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Наставнонаучниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје на 26.редовна седница одржана на 24.4.2020 година го донесе Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Стонматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитето ,,Св.кирил и Методиј во Скопје во кој е регулиран начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти со цел потикнување и помагање на научноистражувачката дејност на Факултетот. Правилникот предвидува висина на средства од 2.000 000, 00 денари за период од 2 години кои средства опфаќаат дел од финансиите добиени од партиципациите на студентите и дел од приходите кои Факултетот ги добива по основ на самофинансирање.Овие средства се наменети исклучиво за научноистражувачки проекти и се третираат како фонд за научноистражувачка работа на Факултетот.

Постапката за одобрување и доделување средства за научноистражувачки проект започнува со формирање на Конкурсна комисија која од 5 члена која објавува интерен конкурс за доделување средства за реализација на научноистражувачки проект, кој конкурс задолжително се објавува на веб страната на Факултетот и на огласна табла и трае 30 дена од денот на објавување.

Право на апликација какко раководител на проектот имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања вработени на Факултетот, кои во последните пет години имаат објавено најмалку три научни труда во списание што го издава Стоматолошкиот факултет – Македонски стоматолошки преглед и најмалку два научни труда во во други списаниа со меѓународен уредувачки одбор. Во истражувачкиот тим можат да се вклучат и лица избрани во звање, истакнати стручњаци од други факултети во состав на Универзитетот, студенти запишани на сите три циклуси студии, како и лица од странски високообразовни и научни установи со цел интернационализација на проектите.

Бројот на истражувачкиот тим не може да биде помал од 5 лица и во тимот задолжително учествува еден студент од прв циклус и еден студент на втор или трет циклус студии запишани на Факултетот.

Предлог проектите се рецензираат од трочлена комисија составена од лица избрани во наставно-научни или научни звања од иста или сродна научна област од областа на истражување, во која не може да биде член учесник во проектот. Рецензентите доставуваат извештај за проектот во рок од 30 дена кој содржи предлог за прифаќање или не прифаќање на проектот.

Конечна одлука за бројот на прифатени проекти донесува Наставно-научниот совет на Факултетот согласно со висината на средствата од фондот за научноистражувачка работа на Факултетот.

Раководителот на прифатениот проект потпишува договор со Факултето за регулирање на правата и обврските за негова реализација.

По реализацијата на проектот, раководителот на проектот е должен да достави завршен извештај во рок од 6 месеци од завршувањето на проектот кој подлежи на оценка од КОмисија составена од 3 члена од соодветната област од која е проектот. Комисијата за оценка на завршниот проект до Нставно-научниот совет доставува предлог извештај со оценка за проектот која може да биде ,,позитивна, со која се прифаќа извештајот или ,,негативна со која не се прифаќа извештајот, а конечна одлука носи Наставно-научниот совет.За позитивно завршен научноистражувачки проект се смета само оној проект, за чие времетраење :

- ќе биде .објавена или прифатена за објавување најмалку една публикација во МСП (Македноски стоматолошки преглед) меѓународно научно списание на Факултетот,
- Ќе биде објавена или прифатена за објавување една публикација во друго меѓународно научно списание, не сметајќи го Македноски стоматолошки преглед;
- Потрошените средства да соодветствуваат со проектните активности наведени во предлог-проектот.

За позитивно оценетите завршни извештаи за проектите се врши јавна презентација на резултатите од проектот пред членовите на Наставно-научниот совет, останатите вработени , како и претставници од други високообразовни, научни установи и бизнис заедницата.

Правилникот редвидува финансиска подршка во вид на авторски хонорар во висина од 10% од вкупната вредност на проектот доколку има објавено најмалку една публикација во во списание со фактор на влијание од базата на Web of Sciense.

**Прилози**

**Прилог 5.10 Етички кодекс https://archive.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf**

**Прилог 5.11** Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Стонматолошкиот факултет во скопје во состав на Универзитето ,,Св.кирил и Методиј,, во Скопје ( Универзитетски гласник бр.507/2020)
https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-

| | |
|---|---|
| %D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%BE%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8-%D0%A1%D0%A4%D0%A1.pdf | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Стоматолошкиот факултет настојува да ја зајакне соработката со стопанството и други правни лица со цел зголемување на бројот на научно-истражувачки проекти, чии носители ќе бидат наставниците и соработниците на нашиот Факултет. Дел од научноистражувачките проекти освен што имаат научноистражувачка вредност, имаат и клиничко апликативна вредности и имаат социоекономско значење.

Факултетот, во изминатиот период, проактивно се вклучи во унапредување на научно-истражувачката дејност на наставниот кадар.

Согласно Програмата за научно-истражувачка работа на Стоматолошки факултет – Скопје, за периодот 2020 – 2024, кој е стратешки документ на Факултетот и Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет во Скопје, успешно беа реализирани и беа одржани јавни презентации на добиените резултати од следните проекти:

- „Евалуација на ефектите од озон терапијата кај пародонталната болест и ерозивно-улцерозните лезии во усната празнина", во кој главен истражувач беше проф. д-р Емилија Стефановска;
- Проценка на саливарни биомаркери кај деца со различно ниво на кариес-ризик", во кој главен истражувач беше проф. д-р Мери Павлевска;
- ,,Влијанието на современите методи и техники врз успехот на ендодонтската терапија", во кој главен истражувач беше проф. д-р Василка Ренџова;
- ,,Влијание на социо-економските фактори врз бројот на екстрахирани заби кај населението од урбани и рурални средини на територијата на Република Северна Македонија", во кој главен истражувач е проф. д-р Гордана Апостолова ;
- ,,Евалуација на јачината на врската помеѓу ортодонските брекери и керамичките реставрации по различни третмани", во кој главен истражувач е проф.д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова .

До крајот на учебната година потребно е да се одржи јавна презентација на уште еден проект финансиран од сопствените средства на Факултетот, а кој има позитивен рецензентски извештај : ,, Пиозохирургија во денталната импламнтологија,, каде главен истражувач е проф.д-р Марија Пеева Петреска.

Во извештајниот период, се одобрени уште пет проекти, кои Факултетот ги финансира од сопствените приходи и тоа:

- *,,Неензимско редуцирање на оксидативниот стрес кај орален мукозитис индуциран со хемотерапија-анимален модел'', пријавен од проф. д-р Ќиро Ивановски како главен истражувач* во соработка со истражувачки тим;
- *,,Примена на ласери за дезинфекција на коренски канали во текот на ендодонтската терапија", пријавен од проф. д-р Марина Ефтимоска како главен истражувач* во соработка со истражувачки тим .
- ,,Присуство на кандида видовите во оралниот микробиом и нивно влијание врз зараснување на екстракционите алвеоли. Перспективи во модулирање на постоперативниот морбидитет со регенеративни орофарингеални раствори", пријавен од проф. д-р Даниела Велеска Стевковска како главен истражувач во соработка со истражувачки тим.
- ,,Евалуација на нивото на саливарни и серумски биомаркери кај пациенти со орален планоцелуларен карцином", пријавен од проф. д-р Даница Поповиќ Монеска, како главен истражувач во соработка со истражувачки тим.
- ,, Оралното зравје кај институционализирани стари лица:јавно здравствен пристап", пријавен од нас.доц. д-р Влатко Кокалански како главен истражувач во соработка со истражувачки тим.

*Проектот одобрен од Универзитетот,* со наслов **„**Проценка на вредноста на КЕП-индексот кај 12 годишни деца во Република Северна Македонија", во кој главен истражувач е проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, е во завршна фаза и се очекува извештајот да биде усвоен до крајот на календарската 2024 година.

Во периодот кој се евалуира обезбеден е бесплатниот пристап на наставниот кадар до електронските бази на податоци на научно-истражувачки трудови, кои ги обезбедуваат Факултетот и Универзитетот.

**Прилози**
**Прилог 5.12.** Завршни извештаи за реализирани научно-истражувачки проекти
https://drive.google.com/file/d/1-ra8d7ZrdNVfEALOjSmSaLz8Xnbd61Go/view?usp=drive_link

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во смисла на прописите кои ги уредуваат финанискотo и материјалнотo работење, претставува единка корисник на буџетскиот корисник – Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.
Фиансирањето на високообразовната дејност на Факултетот се врши преку две сметки: 603 – сметка на основниот буџет и 788 – сметка за самофинансирачки активности. Сите наведени сметки подлежат на трезорското работење односно со нив Факултетот располага на начин што се изготвуваат и одобруваат финансиски планови, при што расходите на Факултетот се движат во рамки на одобрениот финансиски план.
Факултетот, на наведените сметки, стекнува средства врз основ на:
- Приходи од Министерството за образование и наука за исплата на дел од платите и надоместоците на плати на вработените на Факултетот
- Приходи од Министерството за образование и наука за покривање на дел од режиските трошоци на Факултетот
- Школарина, партиципации и административни надоместоци, уплатени од страна на студентите од прв, втор и трет циклус на студии
- Надоместок за специјализации, на кандидати на кои им е одобрена специјализација
- Организирање на научни собири
- Научно-истражувачки проекти, прифатени и финансирани од страна на Универзитетот и Министерството за образование и наука.
- Други приходи

Значајно е да напоменеме дека од 2018 година, согласно новиот Закон за високото образование е утврдено дека тековните трошоци (комунални трошоци, одржување, опрема и потрошен материјал за реализирање на студиските програми и за работењето на високообразовната установа) се надоместуваат во целост од Буџетот на Републиката. Сепак, во практика, само дел од трошоците се надоместуваат.

Друга важна компонента во системот на функционирање на високообразовната дејност претставува и висината на надоместокот што го плаќаат студентите запишани на прв циклус на студии. Имено, износот на партиципацијата за редовните студенти изнесува 200 евра (државна квота), а 400 евра (со кофинансирање) на годишно ниво која е многу мала. Во оваа смисла мора да се нагласи дека висината на школарината е еднаква со Факултети кои имаат непсоредливо помали трошоци за обавување на квалитет наставен процес во однос на Стоматолошкиот факултет. Наведеното дотолку повеќе што за квалитетно профилирање на стоматолошки кадар (особено за стручни забни техничари и доктори по дентална медицина), се потребни значителни средства со оглед на неопходната опрема, технички помагала, потребен ситен инвентар и потрошни материјали.

Сите податоци во врска со финансиското работење на Факултетот за наведениот извештаен период се презентирани во завршните сметки кои се достапни на веб страната на Факултетот.

Врз основа на детална анализа, се забележува максимално искористување на одобрените средства по ставки, согласно донесените финансиски планови, а особено на средствата за капитални инвестиции.
Сето тоа влијае на инвестицискиот циклус на Факултетот во поглед на обновување на градежната инфраструктура, опремата и основните средства (стоматолошка и лабораториска опрема и машини, мебел, надледни средства и сл.) на Факултетот, а кои се од суштинска важност за реализирање на студиските програми, квалитетна едукација на нашите студенти , што е всушност основен предизвик во целокупното работење на Факултетот.
Во изминатиот период:
- Целосно се реновираа и се опремија два амфитеатри и две училници за теоретска настава,
- Целосно се реновираа лабораторијата за фиксна протетика, биохемиската лабораторија и три клинички сали за практична настава, а во останатите лабораттории и сали се извршија потребните градежно-занаетчиски работи,
- Набавени се два сервери, над 100 компјутери (персонални и лаптоп), печатари и друга ИТ опрема и софтвер,

- Во континуитет се набавува стоматолошка и лабораториска опрема, инструментариум и материјали за практична настава и научно-истражувачка работа ,
- Наместо од сметката за самофинансирачки активности, режиските трошоци на Факултетот во целост се покриваат од средствата доделени од Министерството за образование и наука.,
- За прв пат се користеа средства од интегративните функции на Универзитетот.

Се пристапи на воспоставување на систем за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Прилози**

**Прилог 6.1.** Финансиски план (https://drive.google.com/file/d/1z37xFrbHAxyNKKFsuCswzJCxkSmvCQeH/view?usp=drive_link

**Прилог 61.А**. Финансиски извештај (завршна сметка) https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B0-603-%D0%B7%D0%B0-2023-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B0-788-%D0%B7%D0%B0-2023-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

**Прилог 6.1.Б.** Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност со наведен процент од вкупните /сопствените приходи кои се издвојуваат за Научноистражувачката работа.
https://drive.google.com/file/d/1Chn1w3Fao82BlvnpJRk3BrBjWJEawro8/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Стоматолошкиот факултет во Скопје располога со сите потребни технички ресурси (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) кои се соодветни за квалитетна реализација на студиските програми. Студентите и наставниот кадар имаат пристап до сите ресурси.
Библиотеката располага со 2975 примероци на учебници, учебни помагала, практикуми , списанија аборници,и сл. кои се на достап на студентите од сите три циклуси , специјализантите и наставниот и соработнички кадар.
Библиотеката располага со читална. Но Факултетот се соочува со недостаток од вработен библиотекар . Опслужувањето на заинтересираните корисници на библиотечниот фонд и читалната се одвива отежнато, со тоа што услугите ги пружа некој од вработените во административно- технички и помошен персонал .
Факултетот располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина : Teams програм и Ilearn program
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. Во континуитет се спроведуваат активностите за сервисирање на постоечката целокупна стоматолошка и информатичка опрема.

Факултетот не располаат со ресурси достапни на лицата со посебни потреби. Поради природата на профилот кој се едуцира на Стоматолошкиот факултет, а кој изискува целосна психофизичка способност на студентите (мануелна работа со две раце, нужна мобилност, движење, вид, слух итн.) на студиските програми на Факултетот не се запишуваат лица со посебни потреби.

**Прилози**

**Прилог 6.2.** Вкупна површина на Објекти /простории со кои располага Факултетот (https://drive.google.com/file/d/1ZsOF70kG2sfSfljUQNpO4943JSX2k-jA/view?usp=drive_link

**Прилог 6. 2.А.** Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;
https://drive.google.com/file/d/1tzJQvCOD5aS24B3SB5TvH0Zn4RKp4a77/view?usp=drive_link

**Прилог 6. 2.Б.** Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма)
https://drive.google.com/file/d/1WMsykAUOyRmp_Ok521LPDFy_5doBDu3H/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните | Приказ на можностите кои постојат во рамките на |

| | |
|---|---|
| служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Стручната и административна служба на факултетот е сместена во објектот на Деканатоти е организирана во 2 одделенија: одделение за правни и општи работи и одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење. Запишувањето на семестрите, пријавувањето на испитите и добивањето наинформации поврзани со студирањето се одвива на шалтерите во просториите на деканот во службата за студенстките прашања кои се дел од одделениеото за правни и општи работи.

Работата на Стручната и административна служба на факултетот, иако мала на број, е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службата во својата работа ги зема предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација, посебно странските студенти кои во почеток на студирањето не го познаваат доволно македонскиот јазик.

На Факултетот нема вонредни и вработени студенти и студенти со посебни потреби и не постојат ресурси достапни на лица со посебни потреби поради природата на студиските програми.

Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.

Сите вработени посетуваат обуки согласно со потребите за унапредување на знаењето и компетенциите заради доследно исполнување на обврските кои произлегуваат од работното место а се со цел добро функционирање на административно стручното работење и административно-стручна подршка на наставниот кадар и студентите.

Во изминатиот период остварени се повеке обуки и тоа:

- Обука за безбедност и здравје при работа,
- Обука за сметководство, даноци, законска регулатива
- Обука за Електронски пазар за набавки од мала вредност (е-Пазар);
- Обука за електронско плаќање во IKNOW од страна на студентите од I циклус

Приказ на број на вработени ненаставен/административен кадар и нивниот профил :

| **Опис на работно место** | **Квалификација** | **Број на лица** |
|---|---|---|
| Секретар на факултет | Всс, докотор на науки од областа на јавно здравство | 1 |
| Одделение за студентски прашања | Всс | 2 |
| помошно-технички кадар/ хигиеничар | Основно образование | 1 |
| Одделение за материјално и финансиско работење | Всс/ дипл.економист | 1 |
| Одделение за правни и општи работи | Всс/ дипл.правник | 1 |
| | | |

**Прилози**

**Прилог 6.3.** Листа на вработени во помошниот и административен кадар кој посетувале обуки за развој на сопствените компетенции https://drive.google.com/file/d/16MNTenlYp76BalsifguzVrz1lrAjTtw1/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно,*

*концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во извештајниот период беа преземени низа активности за унапредување на научно-истражувачката дејност на Стоматолошкиот факултет која е составен дел од дејноста на Факултетот и е од клучно значење за неговата меѓународна репутација, репутацијата на Универзитетот, како и за подигнување на квалитетот на наставата.

Освен наставниот и соработнички кадар, во реализација на научно-истражувачки проекти се вклучени и студентите. Во овој контекст студентите се активно вклучени и на разни собири (конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и слично), на кои преку орални или постер-презентации, ги презентираат наодите од спроведените научни истражувања.

Резултатите од истражувањата спроведени во рамките на реализираните проекти се применуваат како за целите на науката, така и за унапредување на наставно-образовниот процес.

Истовремено студентите запишани на магистерски и докторски студии своите истражувања ги спроведуваат на наставните бази на Факултетот и надвор од нив, со што, во голем обем допринесуваат за збогатувањето на научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Со цел поголема вклученост на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар , на Факултетот во научно-истражувачката дејност и нејзино поттикнување, помагање и развој, се донесе Правилник за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Средствата кои Факултетот ги обезбедува за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност, согласно наведениот Правилник, се со фиксно определен износ по еден усвоен проект и овие средства се третираат како Фонд за развој на научно-истражувачката работа на Факултетот. Дека Факултетот навистина се грижи за вклученоста на студентите во научноистражувачката работа е фактот што еден од условите за прифаќање на Научноистражувачки протект е вклученост на студенти во истражувачкиот тим.

По овој основ до сега се пријавени 10 научно-истражувачки проекти, од кои 6 се реализирани и позитивно оценети, со јавна презентација на резултатите од проектите, а останатите четири (4) се во тек на реализација.

Како резултат на иницијативата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје секоја година да доделува средства преку постапка која ја спроведува Комисијата за наука во последните четири години, Факултетот добива можност да се вклучи во реализирање на научно-истражувачки проекти финансирани од Универзитетот. По овој основ се пријавени и одобрени 3 проекти од кои 1 е сè уште во фаза на реализација.

Факултетот ги поттикнува студентите за научно-истражувачка работа, преку давање на стручна и административна помош за организирање на меѓународни стоматолошки студентски конгреси, како и стручна помош во публикација на резултатите од истражувањата. Исто така, се поттикнуваат студентите да учествуваат во изработка на иновативни идеи кои можат да се развијат во прототип и истовремено, да се развиваат нивните претприемнички вештини во рамки на иницијативата на ИНОФЕИТ.

Факултетот доделува награда за најдобра тема презентирана на студентскиот конгрес кој традиционално се одржува секоја година, доделува парични средства за активно учество на настан во странство. На овој начин, овозможено е студентите да разменат искуство со нивните колеги, но и да го претстават нашиот Факултет во странство. За одбележување е и можноста за бесплатно учество на курсеви од областа на реставративната и естетска стоматологија на второ и трето наградените теми, што претставува мотив повеќе за студентите кои започнуваат со научно-истражувачката работа.

Процентот на студенти вклучени во научно-истражувачките проекти во однос на вкупниот број студенти по циклуси е многу мал, односно незначителен. Најголем е процентот на вклученост на студентите во третиот циклус студии, 37%, а најмал во првиот циклус студии

**Прилози**

**Прилог 6.4** Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (https://drive.google.com/file/d/1vsQn16QsULvpD59JX7gRSwRjzdg8sbeK/view?usp=drive_link

**Прилог 6.4.А** Листа- НИ проекти https://drive.google.com/file/d/1pnhGsaOAdbQEFsNgrxadOST5eNsh5Aci/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

На факултетот е основан и активно функционира Центар за кариера кој се основа заради воспоставување на постојани врски меѓу студентите и деловнаста заедница, промовирање на факултето на пазарот на трудот, давање на помош на студентите при премин од академска во професионалното вработување,олеснување на пристапот на студентите на Факултеото до работните места.

| |
|---|
| Деканот именува раководдител на Центарот за кариера со мандат од три години и право на реизбор.Раководител на Центарот за кариера е проф д-р Кристина Митиќ .<br>- Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, организира различни активности поврзани со делокругот на неговата работа .<br>- Центарот на кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, согласно склучениот меморандум за соработка со Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје, додели ваучери за финансиската поддршка на најдобро дипломираните студенти на Факултетот кои дипломирале во учебната 2023/24 година. Доделените ваучери се со 50% попуст за набавка на опрема од давателот на финансиската поддршка за отворање на сопствена здравствена установа на двајца најдобро дипломирани студенти на студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус за доктори по дентална медицина (Мартина Анастасовска и Јана Панчевска) додека пак најдобро дипломираниот студент од студиската програма за стручни забни техничари доби ваучер со 30% попуст за набавка на заботехнички материјали (Анастасија Милановска) Издадените ваучери имаат важност од 3 години, сметано од денот на доделувањето.<br>- Во насока на унапредување на вештините и насочување на студентите во нивниот понатамошен кариерен развој, Центарот за кариера на УКИМ организираше „Ден за кариерен развој“, кој се одржа на 11.05.2023 година, на кој учествуваше и Стоматолошкиот факултет – Скопје. Фокусот на теми имаа за цел да го олеснат процесот на преминување на студентите од академската во бизнис средината и претставуваше можност за студентите да стекнат вештини за подготовка на професионално CV, избор на соодветна професија, создавање на мрежа на познанства итн.<br>- Нашиот факултет ја продолжи соработката со World University Service каде преку програмата за практикантска работа, финансирана и поддржана од владата на германската покраина Северна Рајна-Вестфалија. Преку оваа програма студентите имаа можност да учествуваат на обуки кои на учесниците би им помогнале во процесот на пронаоѓање на работата (креирање CV, Motivation Letter и подготовка за првото интервју) како и овозможување на платена практикантска работа во висина од 15.000 денари месечно за период од 3-6 месеци.<br>- Студентите од нашиот факултет имаа можност да учествуваат на бесплатни едукативни курсеви во организација на Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје и тоа на следните настани: ProTaper техника на машинско проширување на канали (реализиран на 3.11.2023 и 11.11.2023 година), SiroLaser Blue Workshop: хируршки диоден ласер (реализиран на 10.6.2023 година) и Competence in ESTHETICS (реализиран на 25.2.2023 година). Студентите исто така имаа можност да учествуваат и на курсевите кои беа реализирани во рамки на 26-тиот Конгрес на Балканското Стоматолошко Друштво (Bass) кој се одржа во Скопје и тоа на следните курсеви: 1) Хируршко-протетски фази кај Ankylos C/X имплантниот систем – нова ера во современата стоматологија; 2) ProTaper – техника на машинско проширување на канали; 3) Композитни реставрации во горна фронтална регија и 4) Еден материјал – многу решенија - Bulk Fill техники за постериорни реставрации.<br>- Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Асоцијацијата за дезинфекција и стерилизација на Република Северна Македонија (DSAM) потпишаа меморандум за соработка за заедничка долгорочна научна, техничка, образовна и апликативна соработка. Формата на долгорочната научна, техничка, образовна и апликативна соработка ќе се остварува преку Центарот за кариера на Факултетот. Како дел од соработката со асоцијацијата, беше реализирана работилница на тема ,,Дезинфекција и стерилизација во стоматологијата’’.<br>- Согласно склучениот меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет – Скопје и Македонското стоматолошко друштво (МСД) и Програма за научноистражувачка работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, за периодот 2020 – 2024, овозможено е бесплатно учество на студентите на настани од континуирана едукација во организација на МСД и здруженијата во негов состав. Активностите за споделувањето на информации за настаните и начинот на пријавувањето и изборот на учесници на настаните ги спроведува Факултетското студентско собрание и Стручната и административна служба во соработка со МСД.<br>- Воведени се Е-услуги за студентите и поставен е ПОС терминал за вршење на уплати на шалтерот на студентски прашања што во голема мера е поздравено од нашите студенти.<br>- Студентите секоја година користат погодноста за намалување на уписнината согласно ИНТЕРНИОТ ОГЛАС за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител кои се стекнуваат со погодност за плаќање половина од износот на уписнина за прв циклус студии. |
| **Прилози**<br>**Прилог: 6.5** Приказ на специфични форми на поддршка на студентите и број во установата<br>https://drive.google.com/file/d/17QO7Lazb_jUYYo9idOqcugHC-MwwUJuR/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.5.А**. Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години<br>https://drive.google.com/file/d/1JZcucw-uLliKlNXjST-qu7BCOsKCwp6t/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.5.Б.** Акт за именување раководител на Центарот за кариера<br>https://drive.google.com/file/d/170PbOLzdDnzirkhyFKhlSwQJjClzkFbR/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.5.В.** Програма за научноистражувачка работа за периодот 2020 – 2024, https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%9D%D0%A3-%D0%B4%D0%B5%D1%98%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%B1.pdf |

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти(алумни) Алумни заедницата, која е исклучително важна алка помеѓу факултетот и неговите некогашни студенти, а денес етаблирани граѓани со високи научни и стручни дострели и на високи и одговорни функции во општеството.

Главна цел на алумни клубот е да се обиде да ги вмрежи поединците кои со својот углед и работа можат да му помогнат на Стоматолошкиот факултет во Скопје за да го продолжи развојот на добрите односи со сите кои поттикнуваат позитивни иницијативи. Воедно, односите со алумните ќе биде солидна база за понатамошни активности во сочувување на традицијата на Стоматолошкиот факултет во Скопје, унапредување на угледот, зајакнување на врската помеѓу поранешните студенти, воспоставување на соработка со слични високообразовни, научно-истражувачки, здравствени установи и други правни лица во Македонија и во странство и соработка со установи во кои работат поранешните студенти на Стоматолошкиот факултет. Алумни клубот има и за цел создавање на база на податоци за осмислување на програми за заедничко остварување на сите наведени цели.

Мисија и цели на алумни клубот се:

- Професионално и општествено поврзување на дипломираните и редовните студенти од земјата и надвор од неа со наставниот, научниот и соработничкиот кадар на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

- Подигнување на дигнитетот, значењето и имиџот на докторите по стоматологија/дентална медицина, стручните забни техничари и стручните стоматолошки сестри-орални хигиенолози

- Ангажирање на алумни членовите за предавања пред студентите на факултетот и за потребите на континуираната стоматолошка едукација.

- Осовременување, консултации и усогласување на студиските програми со потребите и барањата на практиката.

Членство во алумни клубот на Стоматолошкиот факултет во Скопје е од особено значење за проширување на активностите со кои ќе успееме да го подигнеме дигнитетот и значењето на професиите: доктор по стоматологија/дентална медицина, стручен забен техничар и стручна стоматолошка сестра-орален хигиенолог и ќе придонесеме за уште поголем развој на факултетот.Член на алумни клубот на Стоматолошкиот факултет е секое лице кое успешно ја завршило одобрената студиска програма од прв, втор или трет циклус на студии, лице кое завршило специјализација или супспецијализација спроведена од Стоматолошкиот факултет во Скопје или пак е вработен или пензиониран на факултетот.

Алумни клубот на Стоматолошкиот факултет-Скопје постојано се ажурира и дополнува со нови членови со пополнување на пристапницата (во електронска форма или во форма на прашалник кој е достапен на следниот линк: https://goo.gl/forms/XQY90saEqML14EpA3) .

Информации за актуелните настани поврзани со активностите на Алумни клубот на Стоматолошкиот факултет може да се најдат на Веб страната. Во 2023/2024 година се организирани и реализирани следниве активности:

- Организиран прв едукативен настан ,,Ортодонтски третман - видови на апарати и различни начини на поместување на забите, пародонтален одговор и индивидуален пристап во оралната профилакса “ во соработка со Интердентал ДООЕЛ. Едукативната работилница беше наменета за специјализантите по предметот Ортодонција. (23.12.2023)

-Организиран втор едукативен настан ,,Ортодонтски третман – видови на апарати и различни начини на поместување на забите, пародонтален одговор и индивидуален пристап во оралната профилакса“ во соработка со Интердентал ДООЕЛ. Едукативната работилница беше наменета за специјализантите по предметот Ортодонција. (26.01.2024)

- Работилница на тема: ,,Целосни коронки: реставрации за млечни и трајни заби во дентиција во развој’’ одржана од Prof. dr. Desigar Moodley од Јужно Афричка Република.(09.02.2024)

- Учество на студентите од Стоматолошкиот факултет на работилницата ,,Создадете го своето онлајн портфолио - како да станете повидливи за идните работодавачи’’, со предавачот Елена Костоска. Настанот се одржа на Педагошкиот факултет, во организација на Универзитетското студентско собрание-УКИМ и Центарот за кариера при УКИМ, со поддршка на Активноста на @usaidnmacedonia за млади кои активно создаваат можности - @youthactivelycreateopps , имплементирана од IESC во партнерство со @radiomof @youthedućationalforum и @ceedhubskopje. (28.02.2024),

-Организиран курс Аналогно vs дигитално отпечатување во стоматологијата, во организација на ПРОМЕДИКА стоматологија (PROMEDIKA dental) и Kulzer, предавач Д-р Ивица Лукановски (4.04.2024)

- Учениците од Средното медицинско училиште на град Скопје, д-р Панче Караѓозов и училиштето Curt Nicolin Gymnasiet од градот Finspång во Шведска, имаа можност да го посетат Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј’’ во Скопје и да се запознаат со просторните и техничките можности на истиот. Посетата беше организирана и реализирана во рамките на програмата Еразмус+. (22.03.2024)

- Организиран Отворен и Кариерен ден на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје, каде голем број на средношколци матуранти имаа можност да се запознаат со студиските програми на Стоматолошкиот факултет, и да аплицираат за практикантство и вработување во соодветни компании. (12.04.2024)

- Посета на учениците од средното медицинско училиште ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи’’ Битола, од трета и четврта година, насока забен техничар, на Стоматолошкиот факултет – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и запознавање со студиските програми, начинот на студирање, како и можностите за понатамошно професионално усовршување по завршување на додипломските студии. (10.05.2024)

- Согласно склучениот меморандум за соработка помеѓу Стоматолошкиот факултет - Скопје во состав на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје и ПРОМЕДИКА стоматологија (PROMEDIKA dental), беше овозможено учество на студентите од студиската програма стручен забен техничар, на заботехнички работен курс DUCERAM KISS керамики од Dentsply Sirona. Курсот го одржа забниот техничар Ласло Свобода, во просториите на едукативниот центар на Промедика.(17-18.05.2024)

- Учество на студентите од Стоматолошкиот факултет на настанот ,,Повторно заедно’’ организиран од Здружението Аутизам МК, и запознавање на лицата со атипичен развој и попреченост со основните концепти за одржување на орална хигиена.

Истовремено, беше промовирана и кампања за превенција на Оралниот карцином, преку запознавање со најчестите ризик фактори и закажување на бесплатни прегледи со **VELscope®Vx.** (02.06.2024).

**Прилози**

**Прилог 6.6** Приказ на системот за соработка со алумни заедницата
https://drive.google.com/file/d/1-ZvMJvc6yLB4TBs9qwE9ZWNpySJbNme0/view?usp=drive_link

**Прилог 6.6.А.** Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот
https://drive.google.com/file/d/1-ZvMJvc6yLB4TBs9qwE9ZWNpySJbNme0/view?usp=drive_link

**Прилог 6.6.Б.** Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;
https://drive.google.com/file/d/1KOgeJUkZgY5FNa-YqAnDaPAUaDSm57jB/view?usp=drive_link

**Прилог 6.6 В**. Доказ дека системот е функционален.
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d1%86%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b0%d1%80-%d0%b7%d0%b0-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b8%d0%b5%d1%80%d0%b0/

https://stomfak.ukim.edu.mk/%d1%86%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b0%d1%80-%d0%b7%d0%b0-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b8%d0%b5%d1%80%d0%b0/%d0%b0%d0%bb%d1%83%d0%bc%d0%bd%d0%b8-%d0%ba%d0%bb%d1%83%d0%b1/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Студентите активно учествуваат во управувањето на Факултетот. Акт во кој е регулирано прашањето за учество на студентите во упрвувањето е Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Согласно наведениот акт, студентите имаат свои претставници во органите и работните тела и комисии на Факултетот и тоа:

- во Наставно-научниот совет на факултетот како орган на управување и стручен орган,вкупно има 4 претставниците од редот на студентите. Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години.

Понатаму студентите учествуваат и во работата на Деканатската управа како орган на управување на Факултетот. Од редот на студентите има еден претставник.

Студентите имаат свој претставник и во Наставниот одбор како постојано работно тело на Факултетот. За одбележување е нивното учество во наставниот одбор и координативните средби организирани од раководителот на организационата единицата за ЕКТС, каде по долги дискусии со наставниците се донесуваа заклучоци за подобрување на квалитетот на наставата

Студентите се вклучени и во процесот на самоевалуација на Факултетот, со двајца свои претставници во комисијата за самоевалуација, а дадена им е можност да ги изразат своето мислење за квалитетот на наставата и наставно-научниот и соработнички кадар преку студентските анкети. Мандатотон на студентите во Омисијата за самоевалуција е една година.

Студентите сметано од оваа учебна година се вклучени со свој претставник и во Советот за квалитет на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје , со мандат од две години.

Согласно Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Статутот на Стоматолошкиот факултет – Скопје, Факултетското студентско собрание стана тело на Факултетот, во кое членуваат претставници на студентите. Имајќи предвид дека секоја година се спроведуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, факултетот презема низа активности за организирање на истите. Имено, за успешно спроведување на фер и демократски избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание одржани се собири на студентите на кои истите имаа можност да предлагаат кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. За претседател на ФСС-СФ во декември 2023 година избрана е Сара Димовска.

Претставниците на студентите вклучени во органите и телата на Факултетот се избираат по предлог од Факултетското студентско собрание на Стоматолошиот факултет.

Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, во Конгресниот центар во Охрид и на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во период од .5.2024 до 7.5.2024 година, успешно го реализираше 30-миот Меѓународен студентски конгрес на студентите по стоматологија и 5-та летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина. Едукативните настани имаа и меѓународен карактер., односно беа вклучени вкупно 16 студенти од Стоматолошки факултети од регионот и тоа: од Стоматолошкиот факултет од Варна, Р.Бугарија 1 студент,; од Стоматолошкиот факултет во Ниш , Р.Србија -11 студенти; Од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Тирана 2 студенти и од Стоматолошкиот факултет во Панчево , Р.Србија- 2 студенти.

| |
|---|
| Студентите, заедно со наставниците од Стоматолошкиот факултет, учествуваа во поголем број на промотивни настани организирани од Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, учествуваа и организираа научни собири наменети за нив. Исто така, студентите учествуваа во одбележување на значајни денови и месеци за стоматологијата преку активностите кои ги организираа, а имаа за цел подигнување на јавната свест за оралното здравје.<br>- Факултетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.<br>За одбележување е и тоа што студентите на Стоматолошкиот факултет – Скопје, земаат се поактивно учество во рамки на Универзитетски спортски натпревари.<br>Во дисциплината КОШАРКА – МАЖИ освоија II-ро место во учебната 22/23, а во тековната 23/24 трето место во дисциплината кошарака и трето место во дисциплината одбојка. По тој повод, беа доделени благодарници на студентите за придонес во унапредување на спортските активности на студентите и успешно претставување на Стоматолошкиот факултет – Скопје., а Факултетот како подршка обезбеди 60.000,00 денари за спортска опрема, дресови за 20 студенти спортисти. Во таа насока Наставно-научниот совет на Факултетот донесе Одлука за ослободување од плаќање на половина од износот на уписнина за прв циклус студии во учебната 2023/2024, односно 2024 /2025 година за студентите кои учествуваа во освојувањето на вторро, односно трето место односно во рамки на Универзитетски спортски натпревари. |
| **Прилози**<br>**Прилог 6.7** Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (https://drive.google.com/file/d/12ooWn9Ap6nWAH4v-YdPaOHJnK1KEavDz/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.7.А.** -Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето( Статут на Факултетот, Универзитетски гласник бр.445/2019<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82-%D0%A1%D0%A4%D0%A1-glasnik-445.pdf Статут<br>**Прилог 6.7.Б.** Одлука за избор на членови во Студентско собрание<br>https://drive.google.com/file/d/1M2lDBvOxh1Kh6hehnTe7f4abVo0r2EdV/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.7.В.** Извештај од последните спроведени избори на ФСС<br>(https://drive.google.com/file/d/1YQjkEKlgqWCjYqpBz8W6KfUAaPyEMsq3/view?usp=drive_link<br>**Прилог 6.7.Г.** Одлука за избор на заменик студентски правобранител<br>https://drive.google.com/file/d/1yYIOjh8QqQGIsKjA71XP-mda5ZqNsLIo/view?usp=drive_link |

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање преку разни форми на известување и тоа:<br>- на ВЕБ страната на Факултетот која содржи детални информации потребни за правилно и навремено информирање на студентите при што посебно се води сметка за ажурирање на податоците наменети за студентите. Се обрнува посебно внимание на актуелните и пртстојните настани важни за студентите да бидат навремено истакнати во делот ,,актуелности,,.<br>- на Огласната табла на Факултетот;<br>- преку IKNoW sistemot ;<br>- preku ILEARN sistemot (informacii поврзани конкретно со испитните сесии, распоред за полагање, објва на резултати и сл.)<br>- преку социјалните мрежи –ФБ и<br>-преку службата за студентски прашања ( со отворен шалтер за информации од 10 до 14 часот) . | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.8. Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна https://stomfak.ukim.edu.mk/ | |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

| | |
|---|---|
| активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот има ефикасен систем за прибирање, аналаиза и користење на информациите за успешно спроведување на студиските програми и воопшто целокупното работење на Факултето во сите сегменти.

Процесот на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности се одвива автоматски, преку внесување на податоци во софтверската апликација што Факултетот ја користи согласно податоци добиени при ангажирање на одреден обработувач, во матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент (во материјална и електронска форма), во материјална и електронска форма при поднесување пријава на кандидати за упис на прв, втор и трет циклус, запишани студенти на прв, втор и трет циклус студии, во материјална и електронска форма при поднесување пријава на кандидати за упис на специјализација, запишани специјализанти, посета на регистрираната веб страна на Факултетот: www.stomfak.ukim.edu.mk , како и социјалните мрежи, Автоматски, при посетување на домените за различни намени: www.stomfak.ukim.edu.mk, со цел запознавање и презентација на факултетот, внатрешна организација, наставно-научен кадар, студиски програми, научно-истражувачка дејност, публикации и при (евентуално) оставање на лични податоци заради пријавување испити од страна на студенти и останати барања, пишување на пофалба, поплака и сл.;

При давање на информации и податоци за студиите, активностите, предавањата, презентациите, одбрана на трудови и сл. преку социјалните мрежи: Фејсбук профилот – Стоматолошки факултет-Скопје, Инстаграм профилот – Стоматолошки факултет-УКИМ, како и You tube каналот - Faculty of Dentistry - Skopje.

Исто така процесот на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности се одвива со рачно внесување на податоци во матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти за секој студент при што содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

**Прилози**
**Прилог 7.1** Фејсбук профилот – Стоматолошки факултет-Скопје
https://www.facebook.com/people/%D0%A1%D1%82%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D1%84%D0%B0%D0%BA%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5/100028245807224/
**Прилог 7.1.А**.Инстаграм профилот – Стоматолошки факултет-УКИМ https://www.instagram.com/stomfak.ukim/
**Прилог 7.1.Б**. You tube каналот - Faculty of Dentistry – Skopje

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.

На Факултетот се прибираат и обработуваат сите податоци согласно Законот за високо образование релевантни за профилот на нашиот факултет и студиските програми.
Анализата на прибраните податоци се врши најмногу преку IKNoW системот и анализа од страна на службите и наставно-научниот и соработнички кадар при реализирање на наставата и испитните сесии.

Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци е даден во Актот на факултетот: Процена на влијание за заштита на личните податоци каде е точно наведено кои податоци се прибираат и обработуваат и примената на конкретните мерки за максимална заштита на податоците до кои Факултетот во целост се придржува, а се во согласност со Законот за заштита на лични податоци.
При објавување на листите за упис на студенти и специјализанти , објавувањето на резултати од испити и колоквиуми, објавување на било какви информации, се води максимална заштита на идентитетот, со тоа што се користи или број на искреиран документ при апликација во IKNOW при упис, или на запишаните студенти број на индекс.

Конкретни примери за вклученоста на студентите и вработените во процесот :
1. Конкурските за упис на студии на факултетот -Кандидатот за да се запише на факултеот мора да ги пополни сите образци со внес на потребни податоци и да ги внесе во IKNOW сисемт., а вработентите да ги исконтролираат .
2. Студентите на крајот на секој семестар за да запишат нареден семестар задолжително мора да пополнат прашалник за самоевалуација, што го контролираат вработените во службата за студентски прашања .
3. Откако ќе се стекнат со статус студент, за да заверат и запишат семестар студентите пополнуваат пријавни листови кои остануваат во досието на студентите , како и статистички образци со потребни податоци за потребите на Државниот завод за статисатика, кои се задолжителни, а вработените истите ги контролираат, ги евидентираат и ги препраќаат во Државниот завод за статистика.

Конкретни примери за ползување на информациите:.
1. Доставување податоци за број на запишани студенти до Ректорат, информации за реализација на конкурсот за запишување студенти при редовна контрола на ДПИ и сл.
2.Од податоците внесени во IKNOW системот вработените можат во секој момент да добијат и дадат информација за напредување на студентот, за број на положени испити, просечна оценка и сл.
3. Обработените податоци се ползуваат конкретно и при изготвување на Извештајот за самоевалуација, Извештајот за работа на деканот, за информации барани од разни институции за број на дипломирани студенти, Најдобро дипломиран студент и сл.

**Прилози**
**Прилог 7.1** Процена на влијание за заштита на личните податоци
https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8/

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот посветува битно внимание на организирање на настани, активности и слични процеси кои битно влијаат нан квалитетот на основната дјност на факултетот , односно ресализацијата на студиските програми и едуцирање на квалитетен профил на кадри, кои се евидентираат и ажурираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на факултетот со цел развој и унапредување на сите сегменти на наставнообразовниот процес, научноистражувачката и апликативната дејност како функционална целина.

**Прилози**
**Прилог 7.3** Листа со значајни настани, активности и процеси
(https://drive.google.com/file/d/1Kdqa4Lv3zVmo0lIB9DOwH8JCO8Hn4-od/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Стоматолошки факултет Скопје во рамките на својот делокруг

| |
|---|
| на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци, при што води особена грижа за безбедноста на информациите поврзани со податоците, посебно на студентите.<br><br>Факултето во потполниост го применува Законот за заштита на личните податоци и актите кои произлегуваат од него. Во овој контекст, Факултетот има донесено акти за безбедност и заштита на личните податиоци согласно наведениот закон. Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, Факултетот е Контролор на лични податоци, а Субјекти на лични податоци се кандидатите за запишување заради студирање на Факултетот, лицата кои имаат статус на запишани студенти или некогаш во минатото имале таков статус, лицата кои имаат статус на запишани специјализанти или во минатото имале таков статус, како и лица кои се или биле вработени на Факултетот. |
| **Прилози**<br>**Прилог 7.4** Процена на влијание за заштита на личните податоци https://stomfak.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/06/Procenka-na-vlijanie-na-zastita-na-licnite-podatoci-Stomatoloski-Fakultet-186305.pdf<br>**Прилог 7.4.А.** Процедура за информациите и правото на пристап до личните податоци, запирање, исправка, дополнување,бришење и ограничување на обработката на личните податоци насубјектите на лични податоци<br>https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8/ |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Факултетот редовно објавува податоци за своите активности кои се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.<br>Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Во 2023/2024 година наставниците и соработниците имаат 8 гостување во Тв емисии, -објавени информации на ТВ -2, објавени информации во печат 10, во дигатлни меиуми 1, објави на ФБ и инстаграм-92 ,<br>Пример за **Гостувања во Тв емисии:**<br>10.07.2024 -Гостување на ас. д-р Бојан Попоски од Катедрата за болести на устата и пародонтот, Стоматолошки факултет - Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје во емисијата ,,Добриот доктор" на Сител ТВ.<br>Во емисијата, ас. д-р Бојан Попоски зборуваше за оралната медицина како специјалистичка гранка која се занимава со болестите на меките ткива во усната празнина, информираноста на пациентите за постоењето на оваа специјалистичка гранка, промените и симптомите во усната празнина кои се знак дека граѓаните треба да се обратат кај матичниот стоматолог и да побараат упат за специјалист по орална медицина, како и посериозните орални заболувања, како што се оралните потенцијално малигни пореметувања, оралниот карцином и имунобулозните заболувања.<br>Линк до фб објава https://www.facebook.com/watch/?v=1699429600462247<br>- 04.04.2024 гостин во емисијата Телма амбуланта проф.д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова<br>Линк до фб објава<br>https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02v67d1tVNdPgbYMQL9i8iGftxYoDZqXE6Vx88rTz8UnaNMo | |

GH6fjVaCreCvjmycj5l&id=100028245807224
-Гостување на проф. д-р Стевица Ристоска и студентката Сара Димовска во емисија на Шоу "Магазин" по повод Светскиот ден на оралното здравје.
Линк до фб објава
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02zCjo1UwqGyk4L8uoXkq6FhPYz4t2fsZ3EsS6FxcWHkpd3hh7bLn3yhY7ipk65vcKl&id=100028245807224
-14.03.2024 гостин во емисијата Телма амбуланта проф.д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска
Линк до фб објава
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0NYxNTPhCxhcHXb7ZGPiyWh5Q5hSKtm1P31aXp46zZA2Z5LmjgCPDyCqw1KuaCrZml&id=100028245807224
- -05.03.2024 Гостување на проф. д-р Наташа Ставрева, од Катедрата за Стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје и студент Сара Димовска, претседател на ФСС-СФ, на ТВ Сител, каде ги презентираа активностите на Факултетот поврзани со бесплатните стоматолошки прегледи и стоматолошки услуги за граѓаните од социјален ризик во рамки на практичната настава на студентите.
Линк до фб објава
https://www.facebook.com/watch/?v=9431402204936943
-05.03.2024 Гостување на проф. д-р Наташа Ставрева, од катедрата за Стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје и студент Сара Димовска, претседател на ФСС-СФ, за склучениот меморандум за соработка помеѓу Стоматолошкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија преку кој овозможени се бесплатни стоматолошки прегледи и стоматолошки услуги за граѓаните од третото доба, во рамки на практичната настава на студентите.
Линк до фб објава
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0pJJ4MuaZKrQ7GHchjUXNJmmdJccmSE16CxVJddugopnhMJyyA3BhzGPaL9LQtubLl&id=100028245807224
-26.12.2023 Гостување на проф. д-р Емилија Левеска - Стефановска од Стоматолошкиот факултет - Скопје, во емисијата ,,Телма Амбуланта" на тема: Ризик фактори за афти.
Линк до фб објава https://www.facebook.com/watch/?v=407428755185352
-08.11.2023 Гостување на проф. д-р Цветанка Бајрактарова - Мишевска од Стоматолошкиот факултет - Скопје, во емисијата Шоу "Магазин" на тема: Расцепи на усните и непцето
Линк до фб објава https://www.facebook.com/watch/?v=7194897120562060
-20.10.2023 Гостување на проф. д-р Емилија Левеска Стефановска, во емисијата Шоу "Магазин".
Во емисијата, проф. д-р Левеска Стефановска говори за правилното одржување на оралната хигиена, превенција на оралните заболувања и активностите кои ги преземаат студентите и наставниот кадар на Стоматолошкиот факултет - Скопје со цел унапредување на оралното здравје.
Линк до фб објава https://www.facebook.com/watch/?v=233463599463350

**Прилози**
**Прилог 8.1** Преглед на број на објавени информации за дејноста на факултетот во медиумите
https://drive.google.com/file/d/1s0rtFKuPrXz2Ds3SgkBVkrFojzEaQ_ry/view?usp=drive_link
**Прилог 8.1.А.** Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите
https://drive.google.com/file/d/1ER9yowo0G6y680om3a3CE4N9tWGMv6lc/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9.Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Со цел транспарентност во работењето и навремено информирање на јавноста како важен сегмент во работењето,

| |
|---|
| Стоматолошкиот факултет во Скопје редовно објавува податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. |
| **Прилози**<br>**Прилог 8.2.**Листа со линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО https://drive.google.com/file/d/1TVwct2c-hoLKu4gAJ7lQjetkahRE5Dyo/view?usp=drive_link |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| |
|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br><br>Факултетот, редовно ги објавува прифатените теми за изработка на магистерски и стручни трудови од студиските прорграми на вториот циклус на студии, како и прифатените теми за изработка на докторски труд.<br>Факултетот редовно и во континуитет во целост ги објавува магистерските и стручни трудови и докторските дисертации .Вкупно се објавени: 274 магистерски трудови, 27 стручни трудови и 150 докторски дисертации.<br>На веб страната на Факултетот се објавуваат и реализираните научно- истражувачки проекти со податоци за главниот истражуваач и потесната област која е опфатена од проектот. |
| **Прилози**<br>**Прилог 8.3** Прифатени теми за изработка на труд од втор и трет циклус студии<br>Втор циклус https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%84%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%b3%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b5%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%82%d1%80%d1%83%d0%b4/<br>Трет циклус https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%84%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%82%d1%80%d1%83%d0%b4-2/<br>**Прилог 8.3.А**. Објавени магистерски трудови (https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%b4%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b5%d1%82%d0%b8-%d1%81%d1%82%d1%80%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d1%82%d1%80%d1%83%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b8-2/<br>**Прилог 8.3.Б**. Објавени докторски дисертации (https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%be%d0%b4%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b5%d1%82%d0%b8-%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b4%d0%b8%d1%81%d0%b5%d1%80%d1%82%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/<br>**Прилог 8.3..В.** Објавени реализиранни научноистражувачки проекти (https://stomfak.ukim.edu.mk/%d0%bd%d0%b0%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%be-%d0%b8%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%b6%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%b8/ |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); |

| | |
|---|---|
| | Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

На Факултетот студентите на сите три циклуси на студии можат да ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. Сепак од евиденцијата која се води во службата за студентски прашања, студентите не доволно ја користат мобилноста, посебно мобилноста преку Еразмус плус програмата.

Во периодот од 25.08 до 31.08.2024 во рамките на Европската асоцијација на студенти по стоматологија нашите студенти успешно ја организираа првата Визитинг програма на нашиот факултет во Скопје.
На овој настан учествуваа 10 студенти од Хрватска,Турција,Романија,Грција,Унгарија,Словачка и Италија.
Во просториите на нашиот факултет се одржа академскиот дел од програмата каде се одржаа следните предавања и работилници :
Дигитално интраорално скенирање – Научен соработник др.Марјан Петков
2. Конзервативен третман на ТМД заболувања со неуромодулатори –Проф.др.Анета Мијоска
3. Реципрочна или ротирачка техника на обработка на коренски канали- која да ја одбереме ? Проф др.Марина Ефтимоска
4. Цефалометриска анализа во ортодонтската дојагностичка процедура – Доц. Др.Ирена Гавриловиќ
5. Типови на сутури во оралната хирургија и имплантологија-Проф.др.Даниела Велевска Стефковска

1. Training for digital intraoral scanning -Research associate Dr.Marjan Petkov
2. Conservative treatment of TMD with neuromodulators(botulinum toxin)- Prof.dr.Aneta Mijoska
3.Reciprocal or rotary root canal treatment-which one should we choose? -Prof.dr.Marina Eftimoska
4.Cephalometric analysis in orthodontic diagnostic procedure-Doc.dr.Irena Gavrilovikj
5. Types of sutures in oral surgery and implantology-Prof.dr Daniela Velevska Stevkovska
6.ITOP работилница
Додека социјалната програма се состоеше од посета на Музејот на Град Скопје, музејот на Мајка Тереза, Архиелошкиот музеј, посета на Матка и на пештерата Врело, посета на Водно, Градскиот парк.

Студенти кои користеле мобилност на студиската програма Интегрирани студии од I и II циклус:
Ангела Ангелова - од 04.03.2024 до 18.05.2024 г. на Стоматолошкиот факултет - Универзитет во Катанија, Италија,
Елена Јованова, од 04.03.2024 до 18.05.2024 г. на Стоматолошкиот факултет - Универзитет во Катанија, Италија,
Мина Ќупева 7381 - од Февруари 2022 до јуни 2022 на Универзитет во Ријека – Стоматолошки факулте, Р.Хрватска;
Стефани Петреска 7390 Интегрирани студии од I и II циклус од февруари 2022 до јуни 2022 наУниверзитет во Ријека – Стоматолошки факултет, Р.Хрватска;
Студенти кои користеле мобилност на студиската програма Стоматолошки науки -Трет циклус –докторски студии:
- Мимоза Сулејмани 140, од 5 до 9.2.2024 на Медицински факултет, катедра за стоматолошка протетика,Косово;
- Нол Цена 142, од 15 до 31.1.2024, Општа болница Пеќ, Косово
- Филип Конески 130 од 1 до 31.8.2023, Универзитетски клинички центар во Безансон, Франција;
-Сандра Атанасовска, од 1 до 15.5 2023, на Универзитет во Ниш, Р. Србија;
- Фјола Ајети 134, од 7 до 13.7.2023, Универзитет “Хасан Приштина” , Косово;
- Енис Шабанов 146, од 14 до 23.6.2023 на Универзитет во Ниш, Р. Србија;
- Ариф Арифи 132, од 22.8 до 3.9.2023, Свеучилиште во Ријека, Р.Хрватска;
- Оливера Србиновска 135, од 22.8 до 3.9.2023, Свеучилиште во Ријека , Р. Хрватска,
- Маја Наумова Тренческа , од 24.4-28.4.2023, Универзитетски болнички центар Тирана, Р. Албанија,
- Венера Кочинај од 24.4-28.4.2023, Универзитетски болнички центар Тирана, Р.Албанија .

**Прилози**
**Прилог 9.1.А.** Број на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми за сите циклуси на студии вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус
https://drive.google.com/file/d/100bURL5T6EN6RmmkHYQOpoAVzs2fWt9V/view?usp=drive_link
**Прилог 9.1.Б.**Листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми за сите циклуси на студии вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус
https://drive.google.com/file/d/1Kf-j25iTqHZAw9bdLLVfN0k3_KBxVgM9/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и |

| | |
|---|---|
| Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата. | интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Во насока на подобрување на политиката за реализација на меѓународна соработка, на Факултетот е формиртан Одбор за меѓународна соработка, како постојано работно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација кое брои 5 члена. Со телото раководи продеканот за меѓународна соработка .

Во рамките на оваа соработка воспоставена е конекција со наставници од странски универзитети при изготвувањето на новиот учебник ,,Детска стоматологија,, издаден во 2022 година, а вклучен во наставната програма за студентите запишани во учебната 2023/ 2024 година. Во изготвувањето на овој учебник вклучени беа 18 наставниц од кои 11 од нашиот факултет и 7 од странски стоматолошки факултети и тоа:

Проф.д-р Џон Николсон- Dental Physical Sciences, Institute of Dentistry, Barts & The London School of Medicine and Dentistry, Queen Mary University of Londonондон, Англија; Проф.д-р Дејан Марковиќ од Стоматолошкиот факултет-Универзитет во Белград; Проф.д-р Драгана Габриќ од Стоматолошки факултет, Универзитетво Загреб;

Проф.д-р Бернард Јанковиќ од Стоматолошки факултет, Универзитетво Загреб; Проф.д-р Марко Вулетиќ од Стоматолошки факултет, Универзитетво Загреб; Проф.д-р Тамара Периќ од Стоматолошки факултет-Универзитет во Белград и Проф.д-р Бојан Петровиќ од Стоматолошкиот факултет-Универзитет во Нови Сад.

Во рамките на оваа соработка, проф.д-р Билјана Ципунова и проф.д-р Габриела Ќурчиева Чучкова од катедрата за ортодонција на нашиот факултет, беа едни од авторите на учебникот ,,Малоклузии" од Стоматолошкиот факултет во Ријека, Хрватска. Проф.д-р Габриела Ќурчиева Чучкова беше еден од рецензентите на учебникот „Ортодонтски неправилности" на авторите: Лејла Реџепагиќ –Вражалица; Енита Накаш, Алиса Тиро, Вилдана Џемиџиќ, Азра Јелешковиќ и Елмедин Бајриќ , од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Сараево, Република БиХ.

Факултетот има назначено Еразмус+ координатор, проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, која го следи објавувањето на конкурсите за мобилност на студентите и наставниот кадар.

https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Erasmus+_Faculty_Coordinators_MK.pdf

Стоматолошкиот факултет успешно ги реализира активностите за објава и номинирање на кандидати по конкурсите во рамки на програмата Еразмус+ акција 1: индивидуална мобилност за наставен кадар и студенти, објавени од страна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје. Во учебната 2023/2024 година во рамките на програмата Еразмус + , проф.д-р Анета Атанасовска Стојановска претстојуваше на Медицинскиот универзитет во Пловдив ,Р.Бугарија, а проф.д-р Наташа Тошевска Спасова од катедрата за ортодонција и проф.д-р Лидија Поповска од катедрата по болести на забите и ендодонтот, претстојуваа на Стоматолошкиот факултет –Универзитетот во Сплит, Хрватска. Во предходната учебна 2022/23, во рамките на програмата Еразмус + за наставен кадар , проф.д-р Мира Поповска и проф.д-р Вера Радојкова Николовска од Катедра за болести на устата и пародонтот оствариja престој на Стоматолошкиот факултет во Ријека, Хрватска.

Исто така во рамките на програмата Еразмус плус во учебната 2023/ 2024 година беше реализирана и мобилност на нашите студенти:

-Ангела Ангелова и Елена Јованова, кои беа на Стоматолошкиот факултет - Универзитет во Катанија, Италија, од 04.03.2024 до 18.05.2024 година.

Стоматолошкиот факултет во Скопје и оваа година е единствена и полноправна членка во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг. Association for Dental Education in Europe - ADEE). Со членството во оваа асоцијација, вработените и студентите имаат пристап до ресурсите објавени на web страната на ADEE. На вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје и на студентите им е овозможен бесплатен пристап до сите ресурси и бенефиции кои ги нуди асоцијацијата.

Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, во Конгресниот центар во Охрид и на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во период од 9.5.2024 до 12.5.2024 година, успешно го реализираше 30. Меѓународен студентски конгрес на студентите по стоматологија и 5-та летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина. Едукативните настани имаа и меѓународен карактер, односно беа вклучени вкупно 16 студенти од Стоматолошки факултети од регионот.

Студентката Ангела Ангелова освои второ место на Конгрес во Женева Швакцарија -CED-IADR Robert Frank Award Competition – UNDERGRADUATECed-iadr/nof oral health research congress .

**Прилози**

**Прилог 9.2** Одлука за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; https://drive.google.com/file/d/13amX2iY8UL1RURXWISEnYyin5-TO-Wm4/view?usp=drive_link

**Прилог 9.2.А.** Одлука за избор на продекан за меѓународна соработка https://drive.google.com/file/d/1w-ZvpGRsjnKAST9N5WSYU9NyvhCHntMG/view?usp=drive_link

**Прилог 9.2.Б.** 30-миот Меѓународен студентски конгрес на студентите по стоматологија и 5-та летна школа

https://stomfak.ukim.edu.mk/30%d1%82%d0%b8-%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d1%80%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d1%82%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%81%d1%82%d0%be%d0%bc%d0%b0/

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Факултетот располага со соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски средства од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.
За 2023/2024 година од вкупно планирани 2.000.000,00 денари од кои 1.000,000,00 ден, од сопствените приходи и 1.000.000,00 ден. од Буџетот на Република Северна Македонија. Искористени се нешто повеќе од 30%, и тоаа 608,294 ,00 ден буџетски средства и само 162 070 ,00 денари средства од сопствени приходи.
Овој показател говори дека меѓународната соработка е на незадоволително ниво и во иднина треба да се посвети поголемо внимание на овој проблем.

**Прилози**
**Прилог 9.3** Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање
(https://drive.google.com/file/d/1KeKONlD-DqAQ_c1oJXfbOadf_OC5GBeM/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Во изминатиот период:

- Се склучија договори за меѓународна соработка со факултетите од регионот :
- Факултетот се зачлени во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа – ADEE;
- Активно се одвиваше мобилноста на наставниот кадар и студентите во рамки на ERASMUS програмата;
- Во континуитет се ангажираа визитинг професори.

Меѓународната соработка се одвива преку склучување на договори во рамки на веќе етаблираната интеруниверзитетска соработка, како и со сопствени договори со други стоматолошки факултети од странство со цел унапредување на наставните и научно-истражувачките можности на наставниот кадар и студентите на Стоматолошкиот факултет. Имено, меѓународната соработка и партнерството на нашиот Факултет со факултетите од Европа и светот, овозможува размена и ангажирање на визитинг професори од странство во наставно-образовниот процес. Ангажирањето на визитинг наставниците од странство придонесува за збогатување на знаењето на студентите преку презентирање на меѓународните искуства на кадарот кој ќе биде ангажиран, но и размена на искуства со наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот.
Склучени договори за меѓународна соработка со : Униврерзитетот Лома Линда, Хјустон, САД; Стоматолошки факултет - Универзитет во Загреб; Медицински факултет- Ундиверзитетот во Риека; Медицински факултет- Универзитет во Осјек, Р.Хрватска; Медицински факултет –Фоча при Универзитет Источно Сараево, Р.Босна и Херцеговина; Стоматолошки факултет-Универзитет во Белград и Медицински факултет-Универзитет во Ниш, Р.Србија; Медицински факултет-Универзитет во Подгорица, Р.Црна Гора;
Исто така остварена е соработка преку ERASMUS + програмата и со Универзитетот во Торино, Италија,
како и со Универзитетот во Пловдив, Република Бугарија и Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.

Факултетот се зачлени во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг.Association for Dental Education in Europe – ADEE) и ќе продолжи да биде полноправна членка. **Значајно е да напоменеме дека нашиот Факултет е единствениот од нашата држава кој членува во оваа асоцијација.** Во следниот период, ќе бидат разгледани можностите и ќе продолжат активностите за зачленување на Факултетот во други меѓународни организации и асоцијации.
Со цел унапредување на практичната настава, покрај постоечкиот Меморандум за соработка склучен помеѓу **Црвениот крст**

**на Република Северна Македонија-Црвен крст на град Скопје** и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, Факултетот склучи меморандум за соработка со **Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија**. Исто така, Факултетот го зголеми опфатот и на граѓани од **општина Центар** и во овие проекти, освен децата, вклучени се и граѓаните под социјален ризик и пензионерите од Општина Центар. Исто така, благодарение на соработката со оваа општинна, децата од градинките и раните одделенија од основните училишта преку предавања и практични вежби се запознаа со правилното миење на забите, одржувањето на оралното здравје и неговата важност. Факултетот склучи и меморандум за соработка со **Општина Сопиште**. Согласно склучениот меморандум за соработка помеѓу Општина Сопиште и Стоматолошкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, овозможени се бесплатни стоматолошки прегледи и стоматолошки услуги за граѓаните од Општина Сопиште. Значајно е да напоменеме дека со ваквите активности, како јавна високообразовна установа не само што придонесуваме за решавање на проблемите со оралните заболувања и постигнување на оптимално орално здравје кај населението, унапредна е и практичната настава при што е овозможено секој студент да стекне големо практично искуство.

Стоматолошкиот факултет учествуваше на Јавниот повик за поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита, објавен од **град Скопје** за 2023 година. По спроведената постапка од град Скопје, беше прифатен предложениот проект со наслов ,,Унапредување на оралното здравје кај граѓани од социјално ранливи категории”, кој го реализиравме во соработка со партнерите ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон'' во Скопје и Интердентал ДООЕЛ Скопје. Проектот имаше за цел решавање на проблемите со оралните заболувања и постигнување на оптимално орално здравје кај лица од социјално ранливи категории од територија на град Скопје, а со тоа и подобрување на системското (општото) здравје, како и одржување на постигнатото орално здравје преку мотивација и едукација за правилна орална хигиена. Покрај спроведувањето на стоматолошкиот третман, на секој пациент беа дадени средства за одржување на оралната хигиена, соодветни на условите во неговата дентиција, но исто така, сите пациенти беа и едуцирани за правилна примена на овие средства за одржување на оралната хигиена. Сите тераписки активности беа изведени во рамките на практичната настава на студентите на Стоматолошкиот факултет – Скопје со што преку овие проекти беа обезбедени пациенти, а со тоа придонесоа за поквалитетна практична едукација на нашите студенти.

Факултетот нема реализација на заеднички програми со странски универзитети.

**Прилози**

**Прилог 9.4** Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;
**(**https://drive.google.com/file/d/1Mm-5jS8AaJJFHHO0l85YVKjpEcp_uZ__/view?usp=drive_link

**Прилог 9.4.А**. Број на наставен кадар кој учествувал во формите на мегународна соработка, наставници и студенти од странство (https://drive.google.com/file/d/15d1UrQG2ljJrTNnh5Vf-MVp8vALDeUGi/view?usp=drive_link

**Прилог 9.4.Б**. Листа на наставници од странство(https://drive.google.com/file/d/1LiszGpeJPKBDXqyBxcqCcSex_i9FpZtV/view?usp=drive_link

**Прилог 9.4.В**. Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);
https://drive.google.com/file/d/1quYrmllVEowgoUj7FNzUcDxR1lezDYsk/view?usp=drive_link

**Прилог 9.4.Г**. Проект со Град Скопје (https://drive.google.com/file/d/1qCYikMwGJfqWNNj-lgLwF0o1AFhD2gl4/view?usp=drive_link

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

По покана на Наставно-научниот совет на Факултетот, секоја година согласно законските одредби, Стоматолошкиот факултет е домаќин на најмалку двајца визитинг професори од други Универзитети од странство, кои без распишување конкурс, можат да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време. И оваа учебна 2023/2024 година, на Факултетот како визитинг професори во наставата беа вклучени тројца професори кои одржаа по 4 часа на студентите од студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии:

- проф.д-р Иван Алајбег, Универзитет во Загреб, Р.Хрватска (во зимскиот семестар)
- проф.д-р Волкан Арисан, Универзитет во Истамбул, Р.Турција, (во зимскиот семестар)
- проф. д-р Никола Ангелов (Ut Health School of Dentistry, Houston, Texas, US) (во летниот семестар)

Во 2023/2024 година беа вклучени 4 наставници од странство како членови на комисии за одбрана на четири докторски труда кои во исто време беа избрани и за коментори на истите докторсски труда и тоа:
Етлева Дробонику Ќели **III** циклус - Стоматолошки науки - Медицински Универзитет Тирана, Албанија;

Албена Решитај III циклус Стоматолошки науки, Универзитет “Хасан Приштина” Косово-;
Кујтим Шала III циклус Стоматолошки науки, Универзитет “Хасан Приштина” Косово;
Нгадњим Доми III циклус Стоматолошки науки, Универзитет “Хасан Приштина” Косово.

На Факултетот се запишуваат и странски студенти.

Согласно евиденцијата која ја води службата најмногу странски студенти се запишуваат на трет циклус – докторски студии, додека за жал број на запишани странски студенти на прв циклус од година во година бележи постојано намалување поради нереалната конкуренција од страна на приватните стоматолошки факултети во земјата.

Во изминатите 5 години на сите циклуси на студии се запишани вкупно 35 странски студенти од кои само 5 студенти во учебната 2023/2024 година на трет циклус студии.

**Прилози**

**Прилог 9.5.** Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; https://drive.google.com/file/d/1LiszGpeJPKBDXqyBxcqCcSex_i9FpZtV/view?usp=drive_link

**Прилог 9.5.А**.Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)**;** https://drive.google.com/file/d/1LiszGpeJPKBDXqyBxcqCcSex_i9FpZtV/view?usp=drive_link

**Прилог 9.5.Б.** Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години)**;** https://drive.google.com/file/d/15d1UrQG2ljJrTNnh5Vf-MVp8vALDeUGi/view?usp=drive_link